Diverse Paths in Sustainable Agriculture: Empowering VET Students
Различни патеки во одржливо земјоделство: зајакнување на учениците за стручно образование и обука
Различити путеви у одрживој пољопривреди: оснаживање ученика за стручно образовање и обуку
2023-2-MK01-KA210-VET-00017784

Sustain_VET_Path

# ПРИРАЧНИК

## ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНИ УЧИЛИШТА

јуни, 2024 година

Финансиран од Европската Унија. Изразените ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската унија ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.

Funded by the European Union

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Diverse Paths in Sustainable Agriculture: Empowering VET Students
Различни патеки во одржливо земјоделство: зајакнување на учениците за стручно образование и обука
Различити путеви у одрживој пољопривреди: оснаживање ученика за стручно образовање и обуку
2023-2-MK01-KA210-VET-00017784

Sustain_VET_Path

# ПРИРАЧНИК

## ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНИ УЧИЛИШТА

**јуни, 2024 година**

Финансиран од Европската Унија. Изразените ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската унија ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.

Funded by the European Union

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Овој прирачник беше направен како дел од проектот Еразмус+ Различни патеки во одржливо земјоделство: зајакнување на учениците за стручно образование и обука - Diverse Paths in Sustainable Agriculture: Empowering VET Students со број 2023-2-MK01-KA210-VET-000177845.

Ако имате какви било прашања во врска со прирачникот, ве молиме контактирајте не:
Игор Николов
Координатор на проектот
Здружение на средни училишта Тера Фитон Анимал
Веб: https://sustainvetpath.com/
Е-маил: sustainvetpath@gmail.com
Тел: +38978459593

***ПРИРАЧНИК ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНИ УЧИЛИШТА***

Автори:
Елизабета Ангелеска - Здружение на средни училишта Тера Фитон Анимал – Северна Македонија
Игор Николов - Здружение на средни училишта Тера Фитон Анимал – Северна Македонија
Катарина Зарковиќ - Здружение на средни училишта од областа на земјоделството, производството и преработката на храна - Србија

Рецезенти
Гордана Секоска - СУГС Браќа Миладиновци - Скопје
Ефремчо Николов - СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци
Драгана Џамиќ - Средња школа „Свети Трифун“ са домом ученика - Александровац

Финансирано од Европската Унија. Изразените ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.

## ВОВЕД

Прирачникот ***ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНИ УЧИЛИШТА*** е дизајниран во рамките на проектот Еразмус+ Различни патеки во одржливо земјоделство: зајакнување на учениците за стручно образование и обука - Diverse Paths in Sustainable Agriculture: Empowering VET Students со број 2023-2-MK01-KA210-VET-00017784.

Овој проект за соработка има за цел да го унапреди стручното образование и обука (СОО) во одржливото земјоделство преку обезбедување инклузивност и пристапност.
Главната цел на проектот е да направи развој и унапредување во стручното образование и обука (СОО) во одржливото земјоделство преку фокусирање на инклузивноста и пристапноста.

Дополнително, проектот се стреми активно да ги вклучи и да им користи на учениците од маргинализираните заедници, обезбедувајќи нивна соодветна застапеност.
Активностите во проектот имаат за цел да развијат инклузивна земјоделска наставна програма, да соработуваат со експерти и да вклучат достапни наставни материјали и да обезбедат обука за инклузивни наставни методи.

Проектот опфаќа ангажман на заедницата и партнерство со локалните организации за да се идентификуваат маргинализираните ученици од СОО и да се организираат сесии за подигање на свеста и ориентација за учениците и семејствата.
Резултатите од проектот се развој на инклузивна земјоделска наставна програма прилагодена на различни потреби за учење, заедно со низа достапни наставни материјали.

Покрај тоа, проектот предвидува дека наставниците за стручно образование и обука ќе се стекнат со вештини за ефективно спроведување на инклузивни методи на настава. Дополнително, постојат активности за вклучување на заедницата за идентификување и интегрирање на маргинализираните студенти од СОО во програмите за земјоделско образование, поттикнувајќи ја различноста и инклузивноста на теренот.

Проектот се состои од две активности:

- ✓ Изработка на инклузивна земјоделска наставна програма,
- ✓ План за опфат и ангажирање на заедницата.

Основа за развој на прирачникот е обуката за инклузивни наставни методи. Иако не беше планиран развој на прирачник во рамките на проектините активности, партнерите во проектот по собирањето и анализата на достапните материјали ја согледаа потребата за развој на прирачник кој ќе ги содржи материјалите кои се користеа и се развија на обуката за инклузивни наставни методи. При користење на материјалите треба да се внимава на посебностите кои се однесуваат на инклузијата во двете држави.

Прирачникот дава сеопфатна слика за инклузијата во средните училишта. На почетокот е даден осврт на инклузијата, моделите на инклузивна настава, принципите на инклузија, инклузивната настава. Потоа следи делот за деца со посебни потреби и нвното вклучување во наставниот процес.

Прирачникот се осврнува и на инклузивните училишта и како да се постигне инклузивноста во училиштата. Прирачникот содржи и практични примери кои се развиени во рамките на обуката на наставници.

Пристапот кој е развиен во прирачникот го прави универзален и применлив не само за наставниците од средните земјоделско-ветеринарни училишта, туку и за наставниците од други струки и квалификации, стручните служби во училиштата, родителите, и за сите субјекти кои се заложуваат за создавање на инклузивни училишта.

Се надеваме дека прирачникот ќе може да се користи и како појдовна точка и ресурс за насочување на активностите, различните иницијативи и работата на организациите кои се занимаваат со промовирање на инклузијата.

Од авторите

## СОДРЖИНА

Вовед
АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ СО ИНКЛУЗИЈАТА ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ................7
1.1 Актуелни состојби на инклузијата во средното стручно образование во Република Северна Македонија ........................................9
1.1.1 Организација на воспитанието и образованието на учениците со посебни образовни потреби во Република Македонија ........................................10
ПОИМ ЗА ИНКЛУЗИЈА ........................................19
2.1 Инклузија во образованието........................................21
2.2 Модели на образование на децата со попреченост ........................................23
2.1.1. Ексклузија ........................................24
2.1.2. Сегрегација ........................................25
2.1.3. Интеграција ........................................26
2.1.4. Инклузија ........................................28
2.2. Инклузивна настава ........................................29
2.2.1. Принципи на кои се базира инклузивното образование........................................31
2.2.2. Индекс на инклузија........................................33
УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ........................................37
3.1 Ученици со посебни образовни потреби........................................39
3.2 Лица со попреченост во менталниот и телесниот развој........................................41
3.2.1 Лица со оштетен вид ........................................41
3.2.2 Лице со оштетен слух ........................................43
3.2.3 Лица со пречки во гласот, говорот и јазикот ........................................47
3.2.4 Телесно инвалидни лица ........................................48
3.2.5 Лица со пречки во интелектуалниот развој (ментално ретардирани) ...........51
3.2.6 Лица со аутизам и лица со друго перварзивно растројство ........................................53
3.2.7 Даунов синдром ........................................55
3.2.8 Дислексија, дисграфија и дискалкулија........................................56
3.3 Надарени и талентирани ученици ........................................59
3.3.1 Препознавање и идентификација на надарените ученици ........................................66
УЛОГА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИНКЛУЗИЈА........................................71
4.1 Наставниците во процесот на инклузија........................................73
4.2 Препознавање и работа на наставниците со децата кои имаат посебни образовни потреби........................................77
4.2.1 Работа со ученици со пречки во интелектуалниот развој........................................77
4.2.2 Работа со ученици со аутизам........................................82
4.2.3 Работа со ученици кои имаат дислексија, дисграфија, дискалкулија ............83
4.2.4 Работа со ученици кои имаат пречки во слухот, говорот и гласот..................84
4.2.5 Работа со ученици кои имаат оштетен вид ........................................85
4.2.6 Работа со ученици кои имаат телесна попреченост ........................................86
4.2.7 Работа со ученици кои имаат пречки во однесувањето-adhd ........................................86
4.3 Работа со надарени и талентирани ученици ........................................89
УЛОГА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИНКЛУЗИЈА ........................................91

5.1 Родителите во процесот на инклузија ................................................................93
ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ НАСОКИ И ПОСТАПКИ ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОП ВО ПРОЦЕСОТ НА ИНКЛУЗИЈА ....................97
6.1 Прилагодување на наставните програми за работа со ученици со поп во процесот на инклузија ..........................................................................................99
6.1.1 Формирање на училишен инклзивен тим (уит) и инклузивен тим за ученикот (иту) 101
УЛОГА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАЗЛИЧНИ КАТЕГОРИИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ УЧИЛИШТА...................................................................105
7.1 Наставниците во образованието на учениците од различни категории во земјоделските училишта ..........................................................................................107
7.2 ИОП 1 Персонализирана програма за настава и учење......................................108
7.3 ИОП 2 Персонализирана програма за настава и учење......................................110
7.4 ИОП 3 Персонализирана програма за настава и учење......................................112
ЛИТЕРАТУРА.............................................................................................................114

# АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ СО ИНКЛУЗИЈАТА ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

## *1.1 Актуелни состојби на инклузијата во средното стручно образование во Република Северна Македонија*

Во Македонија се направени многу истражувања за состојбите со инклузијата на децата со попреченост, но секогаш во овие истражувања фокусот е ставен на основното образовани, каде што се направени најголеми реформи и е донесен нов закон.

Вакви истражувања за средното образование ги има многу малку. За средното образование нема донесено и нов закон. Сепак во средните училишта се запишуваат и прифаќаат децата со посебни образовни потреби (ПОП).

Проблемите кои се јавуваат во основното образование при образување на учениците со ПОП, се јавуваат и во средното образование, но со различен интензитет и во различна форма.

Инклузивното образование во Република Северна Македонија е процес кој е започнат пред две децении и во континуитет дисперзира и прогресира во целиот образовен систем, со засилен интензитет во последните неколку години, притоа вклучувајќи сè поголем број деца со посебни образовни потреби во редовните училишта.

Сепак, извесно е дека воспитанието и образованието на децата и младинците со посебни образовни потреби во Северна Македонија, не се потпира врз долга традиција. Притоа, континуирано наидува на разни предизвици и недостатоци.




**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Според истражувањето  што го има спроведено Бирото за развој на образованието (БРО) Република Северна Македонија е потписник на клучните меѓународни документи врз кои се базира концептот на образовната инклузија.

Одредени членови од Конвенцијата за правата на детето, како и други документи и конвенции кои се однесуваат на правата на децата со посебни образовни потреби се составен дел на Законот за основно образование.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Во законите на Република Северна Македонија се води грижа за децата со посебни образовни потреби, па така во член 2 од Законот за основно образование се наведува дека „секое дете има право на основно образование“, додека, пак, во член 3 од истиот закон, покрај другото, се наведува и дека улогата на основното образование е вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебните образовни потреби.

### 1.1.1 Организација на воспитанието и образованието на учениците со посебни образовни потреби во Република Македонија

Воспитанието и образованието на учениците со посебни образовни потреби во Република Македонија е организирано во посебни установи и училишта, посебни паралелки во рамките на редовните училишта, како и во „редовните паралелки”, заедно со нивните врсници.

Постоечкиот Закон за основно образование дава можност во редовните паралелки да следат настава и ученици со посебни образовни потреби.

Учениците со посебни образовни потреби кои наставата ја следат во редовните паралелки, по завршување на своето основно образование се запишуваат во редовните средни училишта.

Па така, од година во година расте и бројот на учениците со посебни потреби во редовните средни училишта.

И покрај законските измени во основното образование, и понатаму во државата, воспитанието и образованието на учениците со посебни образовни потреби се реализира во посебни установи како интегрален дел на единствениот образовен систем кое се планира врз идентични или многу слични определби и генерални принципи, и во целост ја следи шемата на редовното образование:

- посебно предучилишно воспитание и образование;
- посебно основно образование;
- посебно средно стручно образование.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Во рамките на **предучилишното образование**, во рамките на посебните основни училишта и посебните паралелки при редовните училишта, постојат подготвителни одделенија за деца со:

- оштетен вид, оштетен слух;
- пречки во психичкиот развој;
- телесен инвалидитет;
- ронично болни и
- лица со аутизам.

Во нашата држава постојат **посебни основни училишта** и посебни паралелки при редовните училишта во кои образовниот процес го следат ученици со:

- оштетен вид;
- оштетен слух;
- пречки во психичкиот развој;
- ученици со аутизам и нарушено социјално однесување и
- телесно инвалидните лица.

**Посебното средно стручно образование** се реализира во посебните стручни установи за ученици со:

- оштетен вид;
- оштетен слух и
- пречки во психичкиот развој.

Во Република Северна Македонија, средното образование се реализира во 99 установи, од кои:

- 39 се организирани како стручни училишта;
- 34 се мешани (стручни и гимназија);
- 16 гимназии;

- 5 уметнички;
- 1 спортска гимназија и
- 4 установи за ученици со посебни образовни потреби.

Нашата држава, водејќи се од принципот за образование за сите, го признава правото на соодветно образование, согласно со можностите на учениците, без оглед на степенот на нивната попреченост.

Аналогно на ова, токму четирите установи за ученици со посебни образовни потреби овозможуваат вклучување на учениците со умерени и тешки пречки во развојот во воспитно-образовниот систем, со што експлицитно се овозможува постигнување адекватен успех со нив преку соодветни модели на организирано специјално учење.

Во Македонија, во изминатиот период се направени неколку големи реформи во стручното образование, односно:

- ФАРЕ програмата во 1998 година;
- Твининг проектот „Модернизација на системот на стручно образование и обука 2013 година".
- Модернизација на стручното образование и обука и Унапредување на системот за развој на стручни вештини преку проектот Образование за вработување во Северна Македонија-дуално образование (2018), при што се посветува посебен акцент на развојот на стручното образование и на измените и подобрувањата на системот на стручно образование, со цел продуцирање кадри потребни на пазарот на трудот.

Како главни реформи во македонскиот образовен систем треба да ги спомeнеме:

- Воведување на задолжително средно образование од учебната 2008/2009 година.
- Со воведување задолжително средно образование:
- Се зголеми и бројот на ученици во редовното образование;
- Се јави потреба од инклузивно образование и инклузивни училишта.

Според (Спасовски, 2010), група ученици изложени на ризик од исклученост во задолжителниот образовен систем се:

- Ученици кои се припадници на ромската етничка заедница;
- Девојки, особено етничките Албанци и етничките Турски девојки,
- Ученици со посебни потреби и сериозни здравствени проблеми;
- Ученици од руралните, изолираните и недостапните области.

Всушност, постои спектар на можни пречки за инклузивно образование, а тоа се: финансиски, институционални, структурни, социо-економски и политички.

За да се намалат пречките кои овозможуваат вклученост на децата во образовниот систем, а биле во ризик од ексклузија (исклученост), направен е исчекор во однос на инклузијата, и тоа:

- обезбедени се бесплатни книги и превоз од местото на живеење до училиштето за деца запишани во средното образование;
- воспоставен е систем на менторство и туторство, како и стипендии за ученици од сиромашните семејства, особено за ученици Роми;

- воведени се условени парични трансфери (CCTs) за деца од сиромашни семејства кои редовно присуствуваат во средните училишта;
- воспоставен е систем за мерење на реализираните активности од областа на меѓуетничката интеграција во училиштата итн.

Во 2013 година од страна на државни експерти направено е истражување поддржано од ЕТФ на тема „Мапирање на ВЕТ образовните политики и практики за социјална инклузија и социјална кохезија".

Ова истражување даде низа заклучни согледувања, како и препораки за подобрување на инклузијата во средното стручно образование.

Според истражувањето, постојат ограничени можности за образование и на учениците со посебни образовни потреби, како на пример:

- недостатокот на потребните физички капацитети во рамките на училиштата;
- широкоприфатената идеја дека учениците со посебни потреби не треба да се мешаат со другите ученици во редовната настава.

Запишувањето и следењето на наставата на учениците со посебни образовни потреби во редовното образование, како во основното така и во средното е регулирано со законските одредби со кои се утврдува правото на образование на учениците со посебни образовни потреби во редовното образование.

Па така во 2009/2010 во 83,6 % од основните училишта учат ученици со ПОП, о во 2013/2014 во 55 % од средните училишта учат ученици со ПОП.

Инклузијата на учениците со посебни образовни потреби не подразбира само физичко сместување на овие ученици во редовното образование, туку и нивно активно партиципирање во апсолвирањето на наставните содржини и во функционирањето на училиштето, што се постигнува со обезбедување низа услови за нив и за работа со нив, па се поставува прашањето:

„Колку училиштата се подготвени за вистинска инклузија на учениците со посебни образовни потреби"?

> Инклузијата на учениците со посебни образовни потреби може да се набљудува како двонасочен процес, кој од една страна се однесува на идентификување, намалување и елиминација на препреките за партиципација во учењето (достапна средина), а од друга страна се однесува на зголемување и партиципација во учењето (квалитет на подучувањето), со што се обезбедува најоптимален развој во сите сфери за секој ученик.

Обидите за инклузија се базираат на пристапноста до процесот на реализација на наставата, како и на принципот на социјална прифатеност и поддршка, индивидуализација и стимулација.

Од 2009 до 2010 година во Македонија е спровенено Национално истражување за проценка на потребите од асистивна информатичка технологија во основното образование од здружението „Отворете ги прозорците“, УСАИД за Македонија.

Според ова истражување застапеноста и вклученоста на учениците со посебни образовни потреби во средните стручни училишта во просек е 4-5 ученици со ПОП кои следат настава во едно училиште.

Од вкупниот број ученици со посебни образовни потреби кои следат настава во стручното образование, најмногу се застапени ученици со потешкотии во пишувањето и во читањето, потешкотии во интелектуалното функционирање, како и ученици со попреченост во однесувањето.

Како илустрација ќе наведеме дека медицинска и рударско-геолошка струка нема запишано ученици со ПОП, додека најмногу запишани ученици со ПОП има во земјоделско-ветеринарна струка.

Според истражувањето како недостатоци и предизвици со кои се соочуваат училиштата е немањето на пристапност до нив.

Пристапноста на училиштата е термин кој го опишува степенот до кој околината, уредот, производот или услугата одговараат на потребите на колку што е можно повеќе ученици

Па така:

- Наставниците немаат пристап до соодветна обука за инклузија.
- Нема звучни семафори и пристапни рампи.
- Нема адаптиран простор за работа.
- Нема можност за користење на јавен превоз и сл.
- 70% од училиштата при упис на ученици со посебни образовни потреби не се доставува Наод и мислење од Заводот за ментално здравје;
- Во училиштата не постои стандардна процедура за идентификување и следење ученици со посебни образовни потреби.
- Училиштата користат различни извори на информации или се водат од сопствени, произволни проценки при доставувањето на податоците до ЦСОО (Центар за стручно образование и обука).

Со ова истражување во средните училишта во образовниот процес се вклучени (опфатени) ученцици кои имаат ПОП.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Вклученоста на овие ученици ја следат повеќе проблеми како на пример:

- Учениците со посебни образовни потреби кои се запишуваат во средното образование, во 70% од училиштата не доставуваат никаква потврда како доказ за нивната попреченост, ниту пак за категоријата на попреченост.
- При изборот на училиштето, струката и профилот се пристапува индивидуално (ученикот или родителите го вршат изборот). Само во 50% од средните стручни училишта, училиштето прави обиди да ги советува родителите и учениците со посебни образовни потреби при избор на струката/профилот.
- Процесот на идентификување ученици со посебни образовни потреби уште повеќе се отежнува бидејќи не постои стандардна процедура за идентификување и следење на напредокот на истите, а од друга страна, родителите „соработуваат”, но се двоумат при процесот на декларативно евидентирање на своето дете како ученик со потешкотии во учењето.
- Наставниците не се обучени да ги идентификуваат учениците со посебни образовни потреби, ниту пак да работат со нив, а реалноста наметнува да работат без никакви насоки и обуки.
- Во училиштата каде што има вработен психолог, наставниците обично бараат помош од него.
- Во речиси сите стручни училишта не постои вработен дефектолог кој би можел адекватно да им помогне како на наставниците, така и на родителите при работа со ученици со посебни образовни потреби.
- Постојат случаи кога наставниците самоиницијативно се упатуваат за методолошко-педагошка помош до институциите специјализирани за работа со ученици со посебни потреби.
- Во 30% од училиштата, наставниците не се информирани и не знаат што е Индивидуален образовен план.
- 98% од наставниците во стручните училишта немаат никаква обука за работа со учениците со посебни образовни потреби.



**Слика Обука за инклузивни наставни меоди**

Врз основа на истражувањето, дадени се препораки до образовните институции и до самите училишта.

Препораки за образовните институции:

- Изготвување Стратегија за инклузија на ученици со посебни образовни потреби во средното образование како задолжително ниво на образование. Стратегијата ќе ги определи критериумите за нивото на попреченост за целосна инклузија, односно ограничувањето на инклузијата во однос на степенот/нивото на попреченост. Таа ќе ги проектира и стандардизира процедурите за идентификување и следење на учениците со посебни образовни потреби во редовната настава.
- Изнаоѓање модел за обезбедување дефектолог во секое училиште како составен дел од тимот за инклузивно образование, за обезбедување помош на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Препораки за училиштата:

- Зајакнување на капацитетите на училиштата преку обуки на наставниците, стручната служба.Советодавна работа со учениците за прифаќање на учениците кои се различни од нив (намалување на стереотипи и предрасуди), со цел остварување позитивна клима и атмосфера во училиштето.
- Формирање тимови за инклузија кои ќе водат грижа за идентификување, регистрација и следење ученици со посебни образовни потреби во процесот на апсолвирање на наставниот материјал и ќе даваат поддршка на наставниците за работа со нив.
- Обезбедување соработка со родителите и соработка со локалната заедница.
- Обезбедување техничко-материјални услови (архитектонски интервенции) со кои уениците со посебни образовни потреби ќе имаат можност да користат асистивна технологија според потребите.

Препораки кои се однесуваат на наставниците:

- Соработка со тимот за училишна инклузија, како и со другите наставници со цел пренесување на искуствата и напредокот на ученици со посебни образовни потреби.
- Соработка со родителите која ќе игра голема улога во постигнувањето на зацртаните цели со учениците со посебни образовни потреби.
- Реализација на диференцирана настава, доколку во одделението има ученици со посебни образовни потреби.
- Изработка на индивидуален образовен план според видот на попреченост и нивото на претходно постигнување.

Во моментов додека се изработува прирачникот во процедура нови закони за Средно стручно образовани. Како ќе биде опфатена инклузијата во него ќе видиме после неговото донесување.

# ПОИМ ЗА ИНКЛУЗИЈА

## 2.1 *Инклузија во образованието*

Идејата за инклузивно образование не е нова. Таа идеја е присутна со векови наназад и има длабоки корени доколку се набљудува во контекст на почитување на природата на детето, неговата индивидуалност и неговата различност.

**Според UNESCO, 2015, под инклузивно образование се подразбира учество и подучување на сите деца во формалното и неформалното образование, независно од полот, физичките, интелектуалните, општествените, емоционалните, културолошките и другите карактеристики.**

Инклузивното образование како концепт почнува да се развива во изминатите неколку децении. Во изминатиот период при проучување на проблемите кои се однесуваат на образованието и воспитанието подолг период се мисли дека во воспито-образовниот процес треба да се почитува природата и потребата на детето, што во суштина претставува карактеристика на инклузивното образование.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Не постои општо прифатена дефиниција и интерпретација за поимот инклузивно образование, затоа што на прашањата за инклузивно образование се пристапува од различна позиција. Токму поради тоа, има многу несогласувања и дилеми во поглед на содржина за поимот на инклузивно образование, неговите основни елементи, начинот на кој се реализира усогласување со потребите и можностите на учениците.Затоа во училишната пракса се јавуваат модифицирани модели на инклузивно образование.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Кај нас, раширено е мислењето дека под инклузивно образование се подразбира образованието на посебна категорија ученици, односно ученици кои имаат пречки во развојот. Во изминатите неколку години се повеќе се зборува и за инклузија на учениците кои немаат пречки во развојот, односно инклузија на сите ученици независно од тоа дали имаат или немаат пречки во развојот и пречки при нивното секојдневно функционирање.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

## *2.2 Модели на образование на децата со попреченост*

За да стане појасно што претставува инклузивното образование, односно инклузијата, потребно е да се објаснат процесите на ексклузија, сегрегација, инеграција и инклузија, односно на моделите на образование на децата со попреченост.

**Добротворен модел**. Многу одамна, па и денес, децата кои имале некоја попреченост биле дискриминирани, отфрлени и исклучени од сите сфери на општественото живеење, вклучително и од образовниот процес (ексклузија).



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Всушност, во минатото, на попреченоста се гледало како на божја казна или трагедија, а лицето со попреченост се третирало како бедно и за жалење. За нив спас се гледало само со сомилоста, љубовта и грижата на некои лица, пред се на семејството.

**Медицински модел.** Според медицинскиот модел пречките во развојот и инвалидитетот се смета како недостатокот кој кај поединецот предизвикува одредени последици кои му претставуваат ограничување во неговото нормално функционирање. Според овој модел, состојбата на поединецот треба да се лечи и третира со помош на здравствени работници.

Покасно, поради заложбите на семејството и сочувството и милосрдието на луѓето, овие деца се образувале во специјални образовни институции во кои стручни лица од различни профили се занимавале со рехабилитација, третман, воспитание и образование.

**Социјален модел.** Овој модел се појавува во 90 години од 20-тиот век. Според социјалниот модел образованието на сите учениците е одговорност на општеството и на образовниот систем, а се манифестира во форма на предрасуди, стереотипи, нефлексибилни наставни планови и програми, лоша училишна клима, немање на

материјални и човечки ресурси, немање можност да се соработува со локалната заедница, со родиелите и сл.

Според овој модел, попреченоста на луѓето не ја намалува нивната вредност како човечки суштества, но општеството со своите предрасуди овие лица ги става во неповолна положба.

Во рамките на овој модел се јавува и филозофијата за инклузија.

### 2.1.1. Ексклузија

Во многу земји од светот сеуште е присутна ексклузија на децата со попреченост. Освен целосно исклучување на овие лица од општествените битисување (добротворен модел) ексклузијата е присутна насекаде во општественото живеење во денешно време, како на пример ексклузија на работно место, од локалната заедница, од врсниците, неможност да се гласа, да се вработи, и сл., вклучително и ексклузија во самиот образованиот процес.

**Поимот ексклузија значи исклучување, изземање, издвојување, отфрлање, отстранување.**



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

**Неколку примери за ексклузија во образованието:**

- Во нашиот образовен систем (средно образование), согласно Законот, заради одредени повреди од страна на учениците (на пр., неоправдано отсуство, нарушување на дисциплината, тепачка и сл.) ученикот може да биде ексклузиран, односно да биде отстранет од училиште.

Ваквата ексклузија се врши многу ретко, од неколку причини:

- добра соработка помеѓу стручната служба, раководителот на паралелка, родителот и самиот ученик;
- учениците знаат до каде може да „одат“;
- непосредно „влијание“ врз училиштето од надвор да не се казнува ученикот и др.

☞ Освен овој вид на ексклузија во училиштата постои и исклучување (отфрлање) на некој ученик од страна на соучениците, професорите или другите вработени поради различни причини како на пр.:

- сиромаштија;
- припадност кон друга вера/националност;
- покажување на одличен/недоволен успех;
- болест;
- љубомора;
- немање емпатија и сл.




**Слика: Ексклузија на учениците во училиште**

**(Извор https://www.pexels.com/search/exclusion/cottonbro studio by giving them)**

### 2.1.2. Сегрегација

Повеќе од половина век наназад (изминатите 70-80 години) децата и младинците кои имале пречки во развојот биле категоризирани во различни групи, според кои се одлучувало каде тие ќе се образуваат или пак ќе престојуваат и ќе се образуваат. Многу одамна овие деца биле целосно исклучени од образованието (ексклузија), а грижата за нив ја имале луѓето кои биле милосрдни и емпатични и семејството на лицето со попреченост (добротворен модел на образование).

Покасно, овие пречки биле третирани како медицински проблем (медицински модел), а со текот на времето пречките во развојот кај децата биле третирани и како социјален проблем, односно се разгледувале како пречки од социјална природа (социјален модел).

Децата и младинците кои имале пречки во развојот и инвалидитет биле одвојувани од „нормалните“ деца во посебни одделенија, или пак во посебнивоспитно-образовни институции.Овој начин на одвојување на децата се нарекува сегрегација.

**Зборот сегрегација претставува одделување, раздвојување, изделување, изолација и сл.**

Сегрегацијата се применувала или се применува и кај деца кои се мигранти, ромските деца, деца кои живеат во центри за социјална зашита, или пак се во центри кои „згрижуваат“ деца деликвенти, деца кои припаѓаат на друга раса, имаат друга боја на кожата и сл.

**Сегрегацијата** претставува **најтешка форма на дискриминација**, затоа што со неа се кршат човековите права, особено правата на децата.

Според ставовитена Комесарот за човекови права на Советот на Европа дадени во изданието„Сегрегацијата во образованието-училишната сегрегација и инклузивното образование“ училишната сегрегација е една од најлошите форми на дискриминација и претставува сериозно кршење на правата на засегнатите деца, зашто нивните можности за учење се сериозно нарушени со изолацијата и со тоа што не се вклучени во редовните училишта. Тоа е очевидна неправда против малцинствата и другите ранливи групи, со која што се поткрепува и одржува маргинализацијата на цели групи население во Европа“... Иако голем број држави имаат усвоено важни мерки за да изградат поинклузивни системи за образование и за да го гарантираат правото на сите деца на образование без дискриминација, во пракса тоа не е така поради тоа што властите под притиок кој доаѓа од различни извори попуштаат и не ги спроведуваат планираните мерки.

### 2.1.3. Интеграција

Терминот интеграција на нашите простори интензивно се користел 90 години од 20 век. Интеграцијата е спротивна на сегрегацијата.

**Зборот интеграција значи соединување, обединување, односно поврзување на определени делови во целина поради заеднички интереси и за поуспешно дејствување.**

Интеграцијата во образованието претставува запишување (додавање) на учениците кои имаат одредени посебни потреби во постојаните паралелки/одделенија/класот во едно училиште. Овој систем на образование ученикот го гледа како проблем и од него бара да се вклопи во целината (паралелката, во училишната средина) на тој начин што ќе се промени и прилагоди во училишниот живот.

Во интегративниот систем на образование основна цел е да се реализираат наставните планови и програми, а ученикот да постигне резултати кои се очекуваат на училишно ниво. Ова всушност укажува на тоа дека со интеграцијата вниманието не е насочено кон ученикот и неговите специфични можности, знаења и интереси.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Во интегрираното образование децата со посебни образовни потреби се подготвуваат и се прилагодуваат за успешна комуникација, толеранција и еднакви можности за партиципација во општеството.

Интегрирањето не подразбира вклучување на сите деца со посебни образовни потреби во редовните училишта, туку интегрирање зависи од видот и степенот на попреченост, при што некои категории на ученици со пречки во развојот може да бидат испратени во специјални воспитно-образовни институции (сегрегација).

Токму поради ова, интеграцијата на учениците со посебни образовни потреби (ПОП) претставува предуслов за инклузија на децата со ПОП.

Во Република Северна Македонија во изминатите десетина-петнаесет години акцент се става мултиетничта интеграција.

Концептот на интегрираното мултиетничко образование е произлезен од тезата дека училиштата, како образовни институции, ја унапредуваат националната, етничката и религиозната интеграција во општеството.

Мултиетничкото интегрирано образование е модел на образование кој ги вклучува децата и младите од сите етнички заедници и национални малцинства во мултиетничка образовна средина, со цел младите да ги подготви за понатамошен развој во едно мултиетничко општество.

Моделот „Мултиетничко интегрирано образование“ се темели на мултиетнички и мултикултурни вредности, преку сеопфатно образование и надградување како на самите ученици, така и на наставниот и ненаставниот кадар, но и на родителите и на заедницата.

Интегрираното образование на глобално ниво се појавува како резултат на предизвикот на мултикултурните, мултиетничките, мултирелигиозните општества, како одговор на општествените и социјалните потреби за градење на меѓусебни односи, реализирани во плуаристички контекст.

Овој тип на образование и во формална и во неформална форма, се стреми кон развивање на свеста кај децата, младите и возрасните во однос на заемно прифаќање, почитување на разликите и развивање на можностите за интеркултурен дијалог (градење соживот).

Ваквото образование доведува до социјализација на ученците кои припаѓаат на различни етнички заедници, а преку изучување на одредени интересни заеднички теми се надминуваат разликите меѓу учениците.

Основните вредности на кои се темели интегрираното образование се голем број на документи за човекови права, вклучувајќи ги: Универзалната декларација за човековите права, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Конвенцијата за правата на детето, европската конвенција за човековите права и сл.

### 2.1.4. Инклузија

Ако ексклузијата значи исклучување, инклузијата претставува вклучување.

**Поимот инклузија значи вклучување, прифаќање, разбирање.**

Подготвеноста, способноста и ангажирањето на училиштатат за изведување на воспитно-образовниот процес прилагоден на индивидуалните можности и потреби  во рамките на редовната настава за сите деца, се нарекува образовна инклузија.

Инклузивноста во образованието претставува процес на реформи во насока на модификации на содржините, методите, пристапите и стратегиите во наставата и преземање соодветни мерки и активности за целосно отстранување на бариерите, комплетна екипираност на  училиштата со соодветни кадри за помош и поддршка на лицата со посебни образовни потреби, зголемување на потребните ресурси и менување на свеста на луѓето во насока на суштинско прифаќање на синтагмата дека „сите сме исти, но истовремено и различни.“

На тој начин, сите ученици учат заедно, вклучувајќи ги и оние со значителни пречки во развојот и независно од разликите во стилот, начинот и темпото на учење, да добиваат ефективни образовни услуги, со неопходна дополнителна помош и поддршка, во хронолошки соодветно одделение што претставува општествена обврска и неприкосновено природно право на овие лица.

Табела Кратко резиме и споредба на Сегрегација, интеграција и инклузија

| Сегрегација | Интеграција | Инклузија |
|---|---|---|
| Дава акцент на: | Дава акцент на: | Дава акцент на: |
| Сервиси за помош на луѓето со посебни потреби | Потребите на луѓето со посебни потреби | Луѓето со посебни потреби се вистински личности |
| Сервиси во специјални установи | Придобивката на луѓето со посебни потреби што ја имаат од средината во која се интегрирани | Доброчинителство за сите преку ангажирање на сите |
| Посебните потреби се проблем кој треба да го решат стручњаците (на пр. лекарите) | Посебните потреби се проблем кој што може да се реши | Сите имаат свои вредности и способности |

## *2.2. Инклузивна настава*

Како нов образовен концепт, инклузивното образование ја наметна потребата од проучување на наставата како дидактички нов, современ концепт на организирано учење и поучување, кое заедно интензивно ги опфаќа и прифаќа сите ученици независно од нивната етничка, национална и верска припадност, потоа, нивниот пол, развојни тешкотии или надареност, социјалниот статус и сл., во процесот на учење, според нивните индивидуални потенцијали и интересирања.

- Инклузивна настава е процес со кој се излегува во пресрет на различните потреби на учениците преку зголемено учество во учењето, како во училиштето, така и во општествената заедница;
- Инклузивна настава е модификација на образовните содржини, нови приоди, организација и стратегија за да се овозможи квалитетно образование на сите ученици;
- Инклузивна настава е вклучување на маргинализираните, дискримираните и исклучените деца од образовниот систем. На овие деца независно каков потенцијал имаат, или пак покажуваат одредени слабости во некои области, се вклучуваат во редовните паралелки/одделенија и им се обезбедуваат соодветни услови за учење, напредување и учество во училишниот живот.

Денес, многу држави во светот, вклучувајќи ги и државите на Западен Балкан имаат изработено стратегии и концепции за инклузивно образование во кои се почитуваат природата, потребота и можноста на секој ученик.

Република Северна Македонија има изработено Стратегија за образование за 2018-2025 година, во која се обработува и инклузивното образование, но има донесено и Концепција за инкузивно образование (2020).

Во Стратегијата за образование и акциски план на Република Македонија (2018-2025 ) како Визија стои дека „Владата на Република Македонија ги смета образованието, обуката, истражувањето и иновациите како клучни фактори за зајакнување на националната економија и добросостојбата на граѓаните.

Во овој контекст, како визија што е определена со оваа Стратегија може да се смета заложбата да се обезбеди сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон „ученикот" , со современи програми што овозможуваат идните генерации да се стекнат со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество, пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошки амбиент."

Исто така, како заеднички приоритети наведено е и „прилагодување и доследно спроведување на концептот на инклузивно и мултикултурно образование со фокус на демократските вредности, човековите права,  родовата еднаквост, почитувањето на различности по било која основа, како и со поддршка на етничката кохезија".

Според Концепцијата за инклузивно образование „Инклузивното образование е процес со кој се излегува во пресрет и се одговара на различните потреби на децата, младите и возрасните преку обезбедување пристап, зголемување на нивното учество во учењето, во училиштето и во заедницата.

Тоа вклучува разумно прилагодување на образовните содржини, соодветни наставни приоди и стратегии, како и организација на воспитно - образовниот процес воопшто, за да се овозможи квалитетно образование за сите.

Инклузивното образование подразбира дека сите деца се вклучени и се прифатени, со особено внимание на децата што може да бидат маргинализирани, дискриминирани или исклучени од образовниот систем. Тие, без оглед на нивните слабости во некои области, а соодветно на нивните потенцијали, се вклучуваат во редовните одделенија и им се обезбедуваат соодветни услови за учење, напредување и учество во животот на училиштето".

Во концепцијата се предложени и мерки и стратегии со кои треба да се отстранат бариерите што го попречуваат спроведувањето на инклузивното образование и неговата одржливост. Затоа е потребно секое училиште да може да ја препознае вредноста на различностите на своите ученици, да изнајде начини како да се почитуваат истите, да ја прилагоди наставата на индивидуалните карактеристики на секој ученик, да ги зголеми и мобилизира постоечките ресурси со кои располага, со цел секој ученик да учи и да учествува во севкупното училишно живеење.

Во случаи кога се идентификуваат поголеми потешкотии за учество во воспитно - образовниот процес, секое училиште треба да ги идентификува бариерите за учење со кои се соочува ученикот и да понуди соодветни стратегии за нивно надминување. На овој начин се овозможува, секој ученик да има пристап до наставата и учењето, како и учество и постигнувања во согласност со неговите потенцијали".

Во Република Србија инклузивното образование е опфатено во Стратегијата за развој на образование и воспитанието 2021-2030 година.

Во оваа стратегија, покрај другите опфатени се децатакои доаѓаат од нестимулативна средина и осетливи општествени групи со цел да им се овозможи квалитетно образование преку отвореност, правичност, достапност и демократичност во бразованието.

## 2.2.1. Принципи на кои се базира инклузивното образование

Првиот општ принцип за севкупно образование и воспитание на кој се темели стратегијата е обезбедување на еднаквост и остварување на правата на образование и достапност на образованието на сите деца, ученици и возрасни кое е засновано на социјална правда и еднакви шанси, без дискриминација.

Образовниот систем за да биде достапен, праведен и отворен, важен приоритет е да се воспостават нови, но и оние постоечки механизми за поддршка, да се осовременат со давње на акцент на специфичностите на различните осетливи групи како што се ученици од семејства кои се со низок социо-економски статус, деца со пречки во развојот и инвалидитет, ромската популација (меѓу нив особено девојчињата) и др.

Исто така, во инкузивното образование се опфатени и ученици кои поради различни причини се исклучени од образовниот систем.

Секоја земја има свои принципи врз кои се базира стратегијата или концепцијата за инклузивно образование.




**Слика Основни принципи на инклузивно образование**

Така на пример во една соседна држава стратегијата за инклузивно образование се базира на принципите:

- **праведност** (рамноправно учество во образованието преку надминување на разликите кои се предизвикани од непосакуваните и неприфатливите влијанија на општествените бариери на пречките или потешкотиите во развојот);

- **релевантност** (образование и воспитание усогласено со индивидуалните карактеристики, способности и потреби на детето со посебни образовни потреби);
- **достапност** (спроведување на активности во кои детето со посебни образовни потреби на рамноправна основа со своите врсници учествува во различни соодветни услуги во локалната заедница);
- **ефективност** (подобрување на постигањата на децата и нивна партиципација, отстранување на предрасудите и стереотипите преку наставната пракса, меѓусебна релација на учениците и наставниците, како и условите за работа во училиштето) и
- **ефикасност** (развивање на поединецот и заедницата која што ги почитува различностите).

Во Концепцијата за инклузивно образование на Република Северна Македонија издадена од Бирото за развој на образованието (2020), инклузивното образование се базира на следниве принципи:

- **Универзална способност за образование:** значи дека сите деца можат да учат, да се развиваат, да постигнуваат и придонесуваат во заедницата и пошироко во општеството.
- **Правичност:** гаранција дека сите деца и ученици имаат пристап до неопходна поддршка, за да го остварат својот потенцијал за учење и развој.
- **Право:** инклузијата е право на сите деца и ученици на пристап и учество, ефективно и целосно во заеднички воспитно-образовен контекс.
- **Образование по мерка на сите**: организирање на воспитно-образовен процес по мерка за секој ученик, согласно неговиот потенцијал, потреби и инереси.
- **Флексибилност:** флексибилно организирање на наставниот план, наставната програма, училишниот простор и време, за да се овозможи воспитно-образовниот процес преку примена на соодветни наставни методи и активности да одговори на специфичностите и стиловите на учење на секој ученик/ученичка.
- **Самоопределување:** почитување на личната независност, земајќи ги во предвид потребите, интересите и способностите на учениците, културниот и јазичниот идентитет, создавајќи можности за остварување на правото на учество и донесување одлуки.
- **Одговорност и автономност на училиштето**: да дефинира процес во кој се идентификуваат бариери во учењето со кои се соочува ученикот и планирање на најразлични стратегии и мерки за нивно надминување.
- **Вклученост на родителите:** имаат право на учество и информирање за сите аспекти од воспитно-образовниот процес на нивното дете.

### 2.2.2. Индекс на инклузија

Инклузивноста во образованието претставува процес на реформи во насока на модификации на содржините, методите, пристапите и стратегиите во наставата и преземање соодветни мерки и активности за целосно отстранување на бариерите, комплетна екипираност на училиштата со соодветни кадри за помош и поддршка на лицата со посебни образовни потреби, зголемување на потребните ресурси и менување на свеста на луѓето во насока на суштинско прифаќање на синтагмата дека „сите сме исти, но истовремено и различни.“

На овој начин, сите ученици учат заедно, вклучувајќи ги и оние со значителни пречки во развојот и независно од разликите во стилот, начинот и темпото на учење, да добиваат ефективни образовни услуги, со неопходна дополнителна помош и поддршка, во хронолошки соодветно одделение што претставува општествена обврска и неприкосновено природно право на овие лица.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

За да се реализираат принципите за инклузивно образование, секое училиште кое се стреми да стане инклузивно и да знае на кој начин да го постигне тоа, потребно е континуирано да се самовреднува, вреднува при што ќе ја развива инклузивноста. За самовреднување, вреднување и развивање на инклузивноста во училиштата, односно училиштето да стане инклузивно се користи **индексот на инклузија**.

**Индексот е стандардизиран метод за следење на перформансите на одредена општествена група во одредена област.**

Индексот за инклузија е плод на соработка меѓу Центарот за проучување на инклузивното образование – Бристол, Центарот за едукативни потреби – Манчестер и Центарот за едукативно истражување – Кентербери. Првата верзија излегла во 2000 година и е користена само во Велика Британија. Во 2002 година е издадена унапредената верзија во која биле имплементирани сугестиите дадени од британските училишта во кои бил употребуван Индексот, а денес се користи во многу држави во светот.

Индексот на инклузија е средство за поддршка за развојот на едно училиште имајќи ги предвид инклузивните вредности. Тоа е документ кој покажува кои се следните чекори за создавање средина каде соработката е клучна за унапредување на училиштето. Ова е практичен документ кој го поддржува пристапот на учење каде сите ученици се вклучени во процесот на учење, а стекнатото знаење го поврзуваат со искуството.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

За користење на Индексот за инклузија нема единствен и прав начин. Секое училиште само го одредува начинот на кој ќе го користи Индексот.

Индексот за инклузија овозможува инклузивноста на училиштето да се проучува и развива во три меѓусебно поврзани димензии:

- создавање инклузивна култура;
- креирање инклузивна политика;
- развивање инклузивна пракса.

**Инклузивна култура:** Познато е дека училишната култура (атмосфера, етос) зависи од специфичната ситуација на секое училиште.

Училишната клима се однесува на квалитетот и карактеристиките на училишниот живот, на атмосферата во училиштето, односите меѓу учениците и наставниците и претставува начин на живот во училиштето.

**Креирање на инклузивна политика во училиштето:** Со самоевалуацијата училиштата добиваат информаци кои се предизвиците со кои треба да се соочи училиштето за да може да создава подобра инклузивна клима и култура. Врз основа на анализите кои ќе ги направи тимот за самоевалуација се пристапува кон изработка на планот за развој и политиките кои треба да се донесат и реализираат со цел училиштето да стане инклузивно.

**Развивање на инклузивна пракса**: После донесувањето на Развојниот план потребно е негова реализација и постојан мониторинг и рефлексија за негова имплементација. Сите јаки страни од реализацијата и зајакнување на инклузивната култура и клима треба да станат пракса, а слабите страни да се надминуваат и да се носат нови инклузивни политики.

Инклузивното образование им овозможува на децата со посебни образовни потреби да одат во најблиските училишта исто како и другите деца и да живеат со своите семејства, што е од особено значење за нивниот развој. Непочитувањето на ваквиот пристап може да доведе до поголеми последици од самата попреченост.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Трите главни групи според OECD (ученици од различно потекло, ученици со пречки во развојот и маргинализирани или економски обесправени ученици) се опфатени во политиките во Република Северна Македонија. Со забележлив исклучок на децата со умерени до тешки пречки во развојот, на речиси секоја популација во редовните училишта при што се прокламирани политики, со кои се поддржува вклученоста или инклузивноста.“

Принципот на образование за сите го признава правото на соодветно образование согласно можностите на децата и младинците без оглед на степенот на нивната попреченост или посебните образовни потреби.

Имајќи го предвид наведеното, инклузивното образование подразбира:

- сите деца да можат да учат и на сите деца да им се овозможи потребната поддршка во процесот на учење;
- почитување на сите разлики помеѓу децата по возраст, пол, етничка припадност, јазик, попреченост, социјален статус;
- градење образовна структура, систем и методологија која ги задоволува потребите на сите деца (емоционални, физички, интелектуални, социјални, креативни и др.);
- адаптација на програмските структури преку изготвување индивидуален образовен план согласно можностите и потребите на децата;
- промена на ставовите, однесувањата и акомодација на средината, со интенција за задоволување на потребите на сите деца;
- промоција на инклузивноста во поширокото општество;
- намалување на ексклузијата, дискриминацијата и неперспективноста;
- можност детето да расте и да се развива во својата биолошка средина, во своето семејство и во своето непосредно опкружување (во потесната социјална средина).

Институциите од областа на образованието, вработените и самите ученици кои имаат посебни образовни потреби се соочуваат со многу **бариери** кои го отежнуваат пристапот до инклузивно образование, односно:

- Ниските очекувања од децата со попреченост кои се вклучени во редовното образование.
- Погрешни ставови и стеротипи дека инклузијата ќе предизвика намалување на квалитетот на образованието и негативно ќе влијае на останатите ученици.
- Недостиг на ресурси на сите нивоа, како и на компетентен наставен кадар за инклузивно образование.
- Неадекватни механизми за финансирање со кои би се обезбедила стимулација и соодветно прилагодување за инклузија на децата со попреченост.
- Недоволна меѓусекторска координација, поддршка и одржливост.

# УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

### *3.1 Ученици со посебни образовни потреби*

Замислете си, како би ви било, децата да ве исмејуваат на улица, а возрасните да ве гледаат и шепотејќи да ве озборуваат позади грб.

Замислете си, како би ви било, луѓето да ви кажуваат што треба да правите, ама никогаш да не ви се обратат вас лично.

Замислете си, како би ви било, да не ви е дозволено да донесувате одлуки кои се однесуваат лично на вас.

Замислете си, како би ви било, да сте возрасна личност, а сите да ви се обраќаат како да сте дете...

Таков е светот на луѓето со посебни потреби, отфрлени, исмејани, сожалувани.

**А, тие, стануваат неприлагодливи, несамостојни и неспособни да направат било што.**

**ЏУДИ ЛЕБЛАНК**

На децата со посебни образовни потреби (ПОП) не им се потребни само класичните методи на образование и воспитување, туку и посебни методи кои одговараат на потребите за формирање, обновување и подобрување на оние функции на децата кои се нарушени поради некоја причина.

Потребите на овие деца произлегуваат од попреченостите, функционалните оштетувања или тешкотиите во учењето.

Оштетувањата кај децата со ПОП може бидат:

- физички;
- сетилни;
- интелектуални;
- комуникативни или
- децата да имаат повеќекратни оштетувања.

Според ОЕЦД (Организацијата за економска соработка и развој) постојат три категории на ученици со посебни образовни потреби кои може да бидат во ризик за ексклузија.

**Катекорија А**: ученици со **попреченост (disabilities)**, или порано како што се категоризираа-ученици кои се со хендикеп, или ученици со инвалидност. Учениците кои се категоризирани во оваа група имаат различна попреченост, односно:

- Оштетувања од медицински аспект (органски нарушувања);
- Оштетувања на сензорските функции (видот, или слухот), сензорски пореметувања и сл.
- Нарушувања на когнитивните, интелектуалните, перцептивните и функциите на внимание (функции од органски природа), говорни дисфункции, перцептивни нарушувања и др.
- Нарушувања на контролата на мускулите, што ја попречува интеракцијата со средината (церебрална парализа, ортопедски нарушувања и оштетувања, нарушувања во говорната артикулација и др.);
- Оштетувања на физичкото здравје кои го попречуваат метаболизмот и физичкото здравје, поради што попречена е нормалната функционалност и интеракција со средината.

**Категорија Б**: ученици со **емоционално-бихевиорални тешкотии (difficulties).** Тоа се ученици кои:

- имаат нарушувања или растројства во однесувањето;
- имаат емоционални, или имаат специфични тешкотии во учењето (дислексија, дисграфија и дискалкулија).

**Категорија В**: ученици со **неповолни социо-културни услови (disadvantages)**. Кај овие ученици недостатокот е резултат на влијанието на социо- економските, културолошките или јазични фактори.




**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

## 3.2 *Лица со попреченост во менталниот и телесниот развој*

Според Правилнкот за оценка на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот и телесниот развој „Службен весник на Република Македонија“ бр. 172 од 12.09.2016 година лицата се категоризирани во:

- лица со оштетен вид (слепи и слабовидни);
- лица со оштетен слух (глуви и наглуви);
- лица со пречки во гласот, говорот и јазикот;
- телесно инвалидни лица;
- ментално ретардирани (лесно, умерено, тешко и длабоко);
- лица со аутизам и лица со друго перварзивно развојно растројство;
- хронично болни лица и
- лица со повеќе видови на пречки.

### 3.2.1 Лица со оштетен вид

Според член 5 од Правилникот „Лице со оштетен вид се смета слабовидно и слепо лице.

**Слабовидно лице**е лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот помала од 40 % (0,4) и лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот поголема од 40 % (0,4), но кај кое се предвидува влошување на видот.

**Слепо лице** е лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот до 10 % (ODO) и лице со централен вид на подоброто око со корекционо стакло до 25 % (0,25), на кое видното поле му е стеснето до 20 степени.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Според степенот на попреченоста слепите лица се распоредуваат во неколку групи:

- Лице кое потполно го изгубило осетот за светло (амаруоза);
- Лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот до 5 % (о,05) или лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот помалку од 10 % (ODO) или има видно поле стеснето до 20 степени;
- Лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот помалки од 0,25 % (ODO) и лице со централен вид на подоброто око со корекционо стакло до 25 % (0,25) и кое има видно поле стеснето до 20 степени;
- Практично слепо лице со толку намалена функционална способност на органот за вид која не му овозможува воспитание и образование претежно по визуелен пат."

Disabled World (http://www.apt.gc.ca/wat/wb12200E.asp?Lt=D.), која ја следи дефиницијата на Светската здравствена организација (World Health Organization), разликува четири типа на лица со попреченост во видот:

- слепило;
- оштетен вид;
- далтонизам (нарушување при препознавање на боите) и
- слабовидност.

**Слепило**. Лице со целосно оштетен вид означува дека лицето има острина на видот помала од 20/200во поздравото око или многу ограничено видно поле (20 степени најширок опсег).

(Дефиниции за различните нивоа на видот, се достапни на:

http://www.eyecaretyler.com/2020.htm.)

**Целосно слепи лица не можат воопшто да гледаат. Токму поради ова тие не можат да користат книги за читање, не можат да го видаткомпјутерскиот монитор и не можат да користат книги, компјутери и сл. без да бидат прилагодени.**

**Оштетување на видот**. Ако **слепилото** означува целосно или скоро целосно губење на способноста да се перцепира облик,**слабовидноста** означува способност да се користи одреден дел од видната перцепција, но со поголема зависност од информацијата што се добива од друг извор.

**Далтонизам**. Неможноста да се перцепираат боите на вообичаениот начин се нарекува далтонизам. Далтонизмот како нарушување, најчесто претставува нарушување кое се јавува при препознавање на црвената/ зелената боја.

Друго вообичаено нарушување е и непрепознавањето на сината односно жолтата боја. Далтонизмот скоро исклучително се јавува кај мажите со инциденца од околу 1 на 10.

Примарно при работата со компјутер е да се направи соодветен избор на бои на екранот.

**Слабовидност**. Постои кај лица со сериозно оштетување на видот после извршена корекција, но може да имаат подобрена функција на гледање со помош на корективно помагало.

Според Светската здравствена организација слабовидните лица имаат острина на видот под 6/18 (0.3), но еднакво или подобро од 3/60 на подоброто око при најдобра корекција. Кога со обични очила, контактни леќи или очни импланти не може да се постигне острина на видот за лицето се вели дека е слабовидно.

Иако е вообичаена појавата на намален централен вид или вид за читање, слабовидноста може исто така да е резултат на намален страничен (периферен) вид, намален вид или неможност на окото да се прилагоди на светлина, контраст или отсјај.

**Кај лицата со оштетен вид многу се развиени сетилото за слух и сетилата за допир. Тие светот го осознаваат преку аудитивна слика (слух), хаптичка слика (допир), кинестетска слика (движење). Кога слепо лице ќе каже „Дај да видам", тоа всушност сака да каже „Дај да допрам".**

### 3.2.2 Лице со оштетен слух

Според член 6 „Лице со оштетен слух е наглуво и глуво лице во зависност од оштетувањето.

За наглуво се смета лице кај кое оштетувањето на слухот на подоброто уво е од 25-80 db(db -децибели) и кое потполно или делумно го развило вербалниот говор.

Според степенот на оштетување на слухот, времето кога настанало оштетувањето и степенот на говорната развиеност, наглувите лица се распоредуваат во следниве групи:

- Лице со лесно оштетување на слухот од 25-60 db и може спонтано да развие вербален говор.
- Лице со умерено оштетување на слухот од 40-60 db кое пред оштетувањето спонтано го развило говорот.
- Лице со умерено оштетување на слухот од 40 db до 60 db кај кое оштетувањето на слухот настанало пред да го развие говорот, а како последица има делумно развиен говор.
- Лице со тешко оштетување на слухот од 60 db до 80 db кое спонтано го развило говорот пред да настане оштетувањето.
- Лице со тешко оштетување на слухот од 60 db до 80 db кај кое оштетувањето на слухот настанало пред да го развие говорот, а потоа го развил со систематски сурдоаудиолошки третман.

- Лице со тешко оштетување на слухот од 60 db до 80 db кај кое оштетувањето на слухот настанало пред да го развие говорот, а кое во моментот на оцената на посебните потреби има недоволно развиен говот.

За **глуво лице** се смета она лице кај кое оштетувањето на слухот е поголемо од 80 db и кое и со слушен апликатор не може целосно да го перципира вербалниот говор.

Глувите лица практично се делат на **глуви** и **тотално глуви**.

**Глувите лица** со слушен апликатор можат да слушаат одделни супресегменти од говорот.

**Тотално глувите** лица имаат потполно згасната слушна перцепција.

Според времето на настанување и степенот на развој на говорот, овие лица се групирани во следниве групи:

1. Лице кое пред оштетувањето на слухот го развило вербалниот говор и во времето на оцената на посебните потреби добро говори.
2. Лице кое пред оштетувањето на слухот не го развило спонтано вербалниот говор, а потоа со интензивен и систематски сурдоаудиолошки третман го постигнало тоа.
3. Лице кое го изгубило слухот пред да го развие вербалниот говор и во времето на оценката на посебната потреба има недоволно изграден говор, или е без говор.

Дете (од ставовите 1,2, и 3 од членот 6) по детектирање на оштетувањата на слухот, како и дете со **кохлеарен имплант** се упатува на сурдоаудиолошка рехабилитација во специјални установи и служби кои се верифицирани за оваа дејност, со цел процесот за десурдизација и демутизација да се реализира пред неговото упатување во основно образование.“

**Сурдологија** претставува самостојна научна дисциплина која се занимава со сите аспекти на пречките или пореметувањата во развојот, а се предизвикани со вродена или стекната глувост и наглувост.

**Кохлеарен имплант** претставува електронска направа која ги конвертира акустичните звуци во електронски импулси кои директно го стимулираат аудитивниот нерв. Аудитивниот нерв го носи сигналот до мозокот кој, пак, го препознава сигналот како звук.

**Кохлеарниот имплант** има улога на еден вид бајпас на оштетените делови од внатрешното уво или на деловите што не функционираат. Тој може да го подобри слухот ако тој е во голема мера оштетен.

Кај лицата кои го изгубиле слухот пред да го развијат вербалниот говор како метод за комуникација се користи **знаковниот јазик**.

Знаковниот јазик вклучува движење на рацете и останати движења или, пак, опфаќа мануелни и фацијални движења пропратени со движење на останатите делови од телото (NHS, 2021).

**Знаковниот јазик** всушност претставува систем на условно договорени движења на рацете, проследени со мимика и со говор на телото што имаат свое одредено значење.

Кај знаковниот јазик рацете се основно средство што се користат при комуникацијата. Знаците се претставени со одредено движење и одредена поставеност на раката или на двете раце.

Секое движење со раката не претставува знаковен јазик. Значењето на знакот е одреден во ние основни елементи на кои треба да се внимава:

- Поставеност на раката-поставеност на прстите од раката или двете раце;
- Движење на раката или двете раце;
- Позиција-локација на знакот во знаковниот простор;
- Ориентација на дланката на раката.

Постојат и дополнителни елементи што ја овоможуваат комуникацијата на знаковниот јазик, сѐ со цел за поефикасна разбирливост и за говорникот и за соговорникот.

При говорење со знаковниот јазик, се користат и се движат останатите делови на телото, знаците да добијат појасна презентација на значењето на поимот што го претставуваат.

Такви немануелни делови на знаците се:

- движење на главата;
- фацијална експресија;
- движење на устата;
- движење на телото.

Македонската знаковна азбука има 31 знак, што е еднаков на 31 глас во македонскоит јазик.

Има два вида на знаковна азбука:

- знаковна азбука со една рака-знаците и буквите се претставени со една рака и
- знаковна азбука со две раце-знаците и буквите се претставени со две раце.




**Слика Еднорачна и дворачна азбука (Национален сојуз на глуви и наглуви)**

Според Светската федерација на глуви (World Federation of Deaf – WFD), во светот постојат над 300 национални знаковни јазици, а дел од нив се и законски признаени како јазици од матични држави.

Во светската федерација на глуви лица, македонскиот знаковен јазик се вбројува како рамноправен јазик (меѓу повеќе од 130 различни знаковни јазици во светот).

Во Северна Македонија постои Национален сојуз на глуви и наглуви лица (https://nsiom.org.mk/clenki/nsgnrm)Заедницата на глуви лица која претставува социо-лингвистичка група со свој знаковен јазик, Македонски знаковен јазик (МЗП), и има своја култура, историја, верувања и традиции.

Во Македонија, лицата со оштетен слух, без оглед на возраста, полот и етничката припадност, во секојдневната комуникација го користат македонскиот знаковен јазик како свој природен мајчин јазик.

Со донесувањето на Законот за употреба на знаковен јазик во август 2009 година се признава македонскиот знаковен јазик како потполно природен начин на комуникација еднаков на говорната комуникација, а со тоа и се признава и се регулира правото на глувото лице да се изразува слободно на својот мајчин знаковен јазик.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

### 3.2.3 Лица со пречки во гласот, говорот и јазикот

Со пречки во говорот и гласот се оние лица чиј говор не одговара на нивната возраст или не е разбирлив, граматички и семантички е неисправен и неизграден, со конвулзивни (грчевити) пречки во механизмот и автоматизмот на говорот, заради што е потребен логопедски третман и лекување.

Според видот и степенот на пореметувањето во вербалната комуникација, лицата се групираат во следниве групи:

- лице со потполно отсуство на говорот (алалија);
- лице со патолошки говорен развој;
- лице со тешка назализација (ринолалија);
- лице со отсуство и тешко оштетување на гласот (афонија и дисфонија);
- лице со тешко оштетен говор поради детска парализа;
- лице со аутизам и лице со друго первазивно развојно растројство;
- лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор (афазија и дисфазија);
- Лице со комбинација на погоре наведените пречки.

**Ринолалија**-зборување низ нос.

**Афонија**-губење на гласот.

**Дисфонија**-зарипнато зборување.

**Афазија** претставува пореметување на говорот/јазикот. Пореметувањето настанало како последица на оштетување на мозокот после невролошко заболување што е предизвикано од мозочен удар, повреда на главата и сл.

**Дисфазија** претставува пореметување на јазикот и говорот кај деца кои што сеуште усвојуваат јазични и говорни структури. Дисфазијата настанува како резултат на одложено созревање на централниот нервен систем при што се јавуваат пречки во развојот на јазичните способности, аудитивно процесуирање кое покасно понатаму оневозможува да се развие говорот и јазикот. При дисфазија детето не зборува, во говорот се присутни изразити неправилности и не може да се разбере што збрува, или пак, детето не го разбира говорот и не е во можност да репродуцира говор/да зборува.

### 3.2.4 Телесно инвалидни лица

Состојбата на намалување или губење на функционалната способност на еден или повеќе делови од телото со што значително се намалува способноста на лицето во задоволувањето на основните животни потреби се нарекува телесен инвалидет.

Како причина за телесен инвалидет се јавува:

- повреда на 'рбетниот столб (параплегија и квадриплегија);
- церебрална парализа;
- спина бифида;
- ампутации;
- мускулна дистрофија;
- парализа;
- полио/постполио;
- амиотрофична латерална склероза;
- удар и др.

**Параплегија**-состојба на потполна или делумна одземеност на долниот дел од телото (под повредата) поради спинална повреда на торакалниот, лумбалниот и сакралниот дел на р'бетот на грбот.

**Тетраплагија**-состојба на спинална повреда на вратниот дел од рбетот и се карактеризира со делумна или целосна одземеност под повредата.

**Церебралната парализа** (мозочна парализа)-заболување на мускулно-скелетниот систем, кое настанува поради повреда на мозокот до која може да дојде во текот на бременоста, породувањето или во неонаталниот период. Меѓутоа, во многу случаи, причината е непозната.

Повредата на мозокот, негативно влијае на движењето на мускулите и телото кај децата. Ова може да биде придружено и со други здравствени проблеми, како што се проблеми со говорот, видот и слухот, поради што може да предизвика и проблеми со учењето.

**Спина бифида**-вроден деформитет на `рбетниот столб и `рбетниот мозок, односно дефект на невралната туба што се јавува за време на интраутериниот период. Ваквиот деформитет настанува во првите месеци во бременоста (17. – 30. ден) при што задниот дел на `рбетниот столб не е затворен целосно.

Оваа состојба најчесто предизвикува парализа на мускулите, губење на чувствата за допир, инфекции, кубење контрола на екстремитетите и сл.

**Мускулна дистрофија**-прогресивна мускулна дегенерација (пропаѓање) проследена со слабост и атрофија на мускулите (ретка болест).

**Полио**-детска парализа, претставува болест која ја предизвикува вирусот полио.

**Амиотрофична латерална склероза**-прогресивна, најчесто смртоносна невродегенеративна болест што ја предизвикуваат дегенеративни процеси на моторните неврони, нервните клетки во централниот нервен систем кои го контролираат посакуваното (волно) движење на мускулите. Интелектуалните функции на оваа болест не се нарушени (ретка болест).

**Мозочен удар (шлог)**-престанок на функционирање на дел од некои мозочни клетки поради недостиг на кислород или некои хранливи материи.

Според степенот на оштетувањето лицата со пречки во телесниот развој се распоредуваат во следниве групи:

- **Лице со тешки пречки во телесниот развој**, е лице кое може самостојно да ги задоволува своите потреби со соодветни ортопедски помагала или адаптација на физичката средина;
- **Лице со потешки пречки во телесниот развој**, е лице кое може самостојно да ги задоволува своите потреби само со помош од друго лице;
- **Лице со најтешки пречки во телесниот развој**, е лице кое има потреба од постојана грижа во задоволување на основните животни потреби.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Телесниот инвалидитет претставува голем проблем за лицата кои го имаат. Оваа болест кај нив од една страна предизвикува психолошки проблеми, а од друга страна проблем предизвикува и средината во која што живеат (предрасуди, ставови, реакции и сл.).

Децата со телесен инвалидитет можат да се развиваат  во соодветно „нормална“ личност, која поседува многу способности што се адекватни на неговиот потенцијал. Како ќе се развива детето ќе зависи од психолошките и социјалните услови.

Денес лицата со телесен инвалидитет иако наидуваат на многу пречки се вклучени во редовниот образовен процес.

Како пречки можат да бидат совладување на архитектонските бариери во училиштето и околу него (поради неможноста за движење или намаленото движење), како ќе стигне од дома до училиште и обратно, комуникацијата и др.

Исто така, пречка може да бидат и некои наставници кои „не можат/не сакаат“ да ги прифатат овие деца па покажуваат одреден отпор кога работат со нив, како и дел од учениците кои не ги прифаќаат ваквите ученици, ги игнорираат или пак им се потсмеваат.

Децата со инвалидност не се потполно прифатени во училиштето, не се вклучуваат во активностите на часовите и за време на одморите, а ретко се дружат и надвор од училиштето.

Вистинската интеграција на овие деца/лица во социјалната средина се постигнува само со нивно образование во редовните училишта, а тоа многу често е невозможно како поради нивниот инвалидитет, така и поради неспремноста за прифаќање, немањето емпатија и инертноста на средината.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

### 3.2.5 Лица со пречки во интелектуалниот развој (ментално ретардирани)

Според Меѓународната класификација на болести,10 ревизија (МКБ-10)Лица со пречки во интелектуалниот развој (ментална ретардација) е состојба на непотполн или забавен психички развој особено на оние способности кои се јавуваат во развојниот период и кои придонесуваат за општото ниво на интелегенција (когнитивни, говорни, моторни и социјалните способности).

Лицата со ментална ретардација имаат потпросечното интелектуално функционирање кое е дефинирано со коефициентот на интелигенција (IQ), а е проследено со значајни ограничувања на адаптивното функционирање на најмалку две од следниве вештини:

- комуницирање;
- грижа за себе си;
- живот во сопствениот дом;
- социјални/ интерперсонални вештини;
- употреба на заеднички вештини и средства;
- самонасоченост;
- функционални академски вештини;
- способност за работа;
- способност за организација на слободното време;
- здравје и
- сигурност.

Лицата со ментална ретардација се распоредуваат во 4 групи и тоа:

- лица со лесна;
- лица со умерена;
- лица со тешка и
- лица со длабока ментална ретардација.

**Лицата со лесна ментална ретардација** имаат благо намалување на нивото на интелектуалните, говорните, моторните и социјалните способности. Овие лица го користат говорот во секојдневниот живот и покрај тоа што зборуваат со извесно задоцнување. Нивниот количник на интелегенција се движи од 50 до 69.

**Лицата со умерена ментална ретардација** имаат забавен развој и ограничени достигнувања во употребата на говорот и јазикот, моторните способности и грижата за себе. Нивниот коефициент се движи од 35 до 49.

**Лицата со тешка ментална ретардација** по клиничка слика, присуство на органска етиологија и придружни оштетувања се слични со умерено ментално ретардираните лица. Кај овие лица има значително ограничување во областа на говорот и јазикот, моторните способности и грижата за себе. Поголем број од овие лица имаат оштетување на централниот нервен систем (ЦНС). Коефициентот на интелегенција се движи од 20 до 34.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

**Лицата со длабока ментална ретардација** имаат изразито ограничена способност за разбирање и прифаќање на барањата или упатствата, имаат некои рудиментирани форми на невербална комуникација. Поголем дел од нив се полуподвижни или неподвижни и не можат да ги контролираат физиолошките потреби. Овие лица не можат да се грижат за себе па затоа им е потребна постојана помош и надзор. Нивниот коефициент на интелегенција е под 20.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

### 3.2.6 Лица со аутизам и лица со друго перварзивно растројство

Аутизмот е развојно нарушување што најчесто се појавува во првите три години од животот на детето.

Децата со аутизам имаат тешкотии во три главни области (иако манифестацијата и степенот на изразеност на карактеристиките се различни кај секое дете):

- Социјални тешкотии;
- Комуникациски тешкотии;
- Повторувачки однесувања.

Децата со аутизам многу малку или пак воопшто не воспоставуваат контакт со очите. Тие не реагираат на изразот на лицето или на насмевката на родителите, не го следат предметот што му се покажува, на лицето не може да им се забележи лутина, бес, среќа, не покажуваат емпатија кон другите, тешко се спријателуваат и изгледаат како да не се заинтересирани за дружење, не се вклучуваат во играта со врсниците **(социјални тешкотии).**

Исто така, овие деца не реагираат на звуци, не реагираат и кога ќе се изговори нивното име, или ќе се повика. Тие не сакаат да комуницираат, или барем така изгледа, повторуваат броеви, букви, ТВ реклами, песни и сл. **(комуникациски тешкотии)**.

Аутистичните деца се нишаат, се вртат, плескаат со рацете без причина, играат само со делови од играчката, а не со цела играчка, сакаат рутински постапки, ритуали и придржување кон одреден редослед. Реагираат на промени и стануваат многу вознемирени и плачат **(повторувачко однесување)**.

На порталот Деца.МК (https://deca.mk/), дефектологот Јелена Димитровска (14.09.2022) на родителите им нуди техники за смирување на децата со аутизам кои можат да ги применуваат и наставниците во училиште со одредена модификација доколку добијаат

соодветни информации од самите родители за нивното дете. Истите ги пренесуваме во целост:

- **Променете го нивото на стимулација.** Децата со аутизам може да имаат сензорна компонента, зголемувањето или намалувањето на стимулацијата може да биде корисен начин за контрола на експлозивната состојба. Не секое дете реагира на ист начин. Искористете ги повторувачките движења или звуци што ги прави кога е среќно (на пр., плескање со рацете и слично).

- **Променете го разговорот.** Еден од клучните елементи на дијагнозата за аутизам е повторувачкото однесување или фиксација на одредени типови предмети или поими. Кога детето ви е фрустрирано и гневно, започнете тема за работи што му будат интерес, сè додека не заборави на дадениот проблем. Трпеливоста е од суштинско значење.

- **Променете го расположението преку вежбање.** Веројатно нема да го натерате вашето дете да трча кога е навистина гневно. Но обидете се со помали вежби, како мала прошетка со вас и со неговата омилена играчка, дури и ако тоа значи шетање низ целата куќа четири или пет пати.

- **Променете ја сцената.** Одреден гнев е производ на здодевност, а еден од најдобрите лекови за досадата е промената на сценографијата. Сменете соба, излезете надвор или на балкон. Седнете на трева и почнете да броите детелинки. Соберете ливчиња и цветови, или играчки доколку сте дома.

- **Поинаков пристап.** Доколку ништо од ова не функционира, дајте му време да закрепне од сензорното преоптоварување. Подоцна смирено прашајте го дали е добро. Направете простор и обидете се да создадете тивок и безбеден простор – исклучете ги музиката и јаките светла.

- **Сензорни размислувања.** Вие најдобро знаете на што бурно реагира вашето дете, па затоа ако одредена ситуација му предизвикува немир, елиминирајте ја пред да се случи, на пример, одење во маркет, прегласна музика и многу луѓе. Во оваа ситуација би било корисно да слуша смирувачка музика на слушалки за да се блокираат гласните звуци.

- **Промена на рутината.** Предвидливата рутина е многу важна за лицата со аутизам и нејзината промена може да биде многу вознемирувачка. На пример, промената на патот кој води до училиште може да им предизвика вознемиреност, па во тие ситуации најдобро е да им се објасни промената и зошто се прави, со додавање дополнителна поддршка, на пример, омилената играчка или песна додека објаснувате. Проследено со активност за која знаете дека го смирува детето, како што се длабоки вдишувања или стискање на стрес-топка.

- **Помогнете брзо да ги идентификува чувствата без употреба на зборови.** Постојат многу графикони или системи на слики што децата можат да ги користат за да покажат на сликата како се чувствуваат. Апликациите за таблети или телефони се достапни за да се идентификуваат тековните чувства и исто така се практикуваат за подобро да се

идентификуваат социјалните знаци и изразите на лицето на другите. Со ова може да ги намалите фрустрациите кога не можат да ги искажат своите чувства.

**Наизменични задачи**, доколку детето е гневно поради одредена потешка работа, прво започнете со некоја полесна и што ја сака, потоа наметнете ја потешката задача.

**Водете дневник.** Запишете ги сите детали за агресивните или гневните испади на вашето дете. Напишете што го предизвика испадот, колку долго траеше, што предизвика да заврши (оценка 10 е најлошата и 1 воопшто не беше толку лоша).

### 3.2.7 Даунов синдром

Дауновиот синдром е состојба која е предизвикана од хромозомска абнормалност. Оваа состојба се нарекува уште и како трисомија 21 поради дополнителната копија на хромозомот 21 во клетките.

**Дауновиот синдром не е болест и не се лечи.Тоа е генетска состојба која се манифестира со одредени физички и ментални попречености.**

Физичките карактеристики и медицински проблеми поврзани со Даунов синдром се разликуваат од дете до дете. Секое дете е индивидуален случај, и додека за некои деца со Даунов синдром треба помалку или повеќе медицинска помош, други водат сосема здрав и активен живот.

Децата и лицата со Даунов синдром најчесто имаат одредени физички карактеристики, како што се:

- Рамен профил на лицето;
- Мала глава и краток врат;
- Мали и по малку коси уши и издаден јазик;
- Некогаш имаат широки и пократки раце и прсти и слаб мускулен тонус.

Менталната способност кај децата со Даунов синдром е различна и зависи од невролошките нарушувања на централниот нервен систем.

Кај децата со Даунов синдром најчесто се јавува лесна до умерена попреченост која пак, влијае врз нивната способност да учат. Овие деца се способни да развиваат вештини и да учат во текот на својот живот.

Предвидените и планирани цели ги постигнуваат со различно темпо. Затоа е важно постигнувањата на дете со Даунов синдром да не се споредува со типично развиени деца.

Децата со Даунов синдром имаат широк спектар на способности, како и кај типично развиените деца.

Тие знаат да се вклучат во секојдневните активности во нивното опкружување, да уживаат во друштвото и во различни позитивни случувања. Овие лица се спријателуваат и развиваат интерперсонални односи.

**Децата со Даунов синдром најдобро учат визуелно.**

Најголем број од овие деца се способни да ги развијат своите вештини во читање на практично и корисно ниво, при што кај нив се подобрува и развива нивото на вербално изразување, говор и јазични вештини.

Читањето исто така им се подобрува. За читање и учење кај децата со Даунов синдром најдобро е да се користи печатен – напишан текст, кој пак им помага во изразувањето и спонтаниот говор. Читањето е област каде што многу деца со Даунов синдром постигнуваат успех.

### 3.2.8 Дислексија, дисграфија и дискалкулија

Дислексијата е состојба која има невролошко потекло, и истата не преставува болест и не се лекува.**Дислексијата** е нарушување кое, и покрај конвенционалната форма на настава, соодветно ниво на интелигенција и социо-културни услови, се манифестира како потешкотија да се научи да се чита.

Таа се опишува како комбинација од способности и тешкотии кои се однесуваат на процесот на учење во областите:

- Читање;
- Спелување;
- Пишување и
- Математиката.

Брзината на процесирање, краткотрајната или работна меморија, смислот за редослед, визуелната и аудитивната перцепција, говорниот јазик и моторичките вештини , честопати се вештини кои им недостасуваат на учениците со дислексија.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Дислексијата може да се јави кај децата кои имаат различна интелегенција  (просечна, натпросечна и многу надарени лица).

Децата со дислексија имаат потешкотии при учењето како да го разберат зборот, како да составуваат зборови и како да ги прочитаат точно и течно.

**Мозокот на учениците со дислексија ги прима надворешните информации, пишани или говорни, на различен начин. Иако причина за дислексијата е невролошко нарушување, ова не е интелектуална попреченост.**

За дислексија не постои лек, но лицата со дислексијата може да научат да читаат и пишуваат со соодветно образование и третман.

Средношколците со дислексија поради тешкотиите што ги имаат при читањетои им треба подолгото време за да прочитаат еден текст, па чувствуваат нелагодност доколку читаат на глас или доколку им се даде краток период да го прочитаат текстот.

Дислексијата најчесто е придружена со **дисграфија**. Дисграфијата е неспособност на детето да ја совлада вештината на пишување (според правописот на одреден јазик), а се забележува кај бројни, трајни и типични грешки и тие се константни без разлика на коефициентот на интелигенција, говорот на детето, развиениот слух и редовното образование.

**Дискалкулијата** е тешкотија во учењето што влијае врз математичките пресметки. Тежината на состојбата варира од личност до личност.

Главната област на слабост што сигнализира дијагноза на дискалкулијата вклучува визуелно-просторни тешкотии и тешкотии во обработка на јазикот.

Другите чести симптоми вклучуваат проблеми со учењето математички факти, проблеми со препознавањето на броевите и проблеми со решавањето на математичките проблеми.

Децата што немаат соодветен математички речник и визуелно-просторни асоцијации може да имаат тешкотии да ја усвојат напредната математика.

Третманот за оваа состојба најчесто вклучува користење на алтернативни методи на учење и различни начини за пристап кон математичките проблеми.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

### *3.3 Надарени и талентирани ученици*

Учениците кои имаат вонредни способности и поради нив покажуваат високи способности во една или повеќе области се нарекуваат **талентирани** и **надарени ученици**.

Областите во кои учениците покажуваат вонредни способности се:

- општа интелектуална способност;
- специфична академска способност;
- креативно или продуктивно мислење;
- способност за водство;
- способност за визуелна или друга уметност.

**Талентираните деца** не мора да бидат и надарени (или обратно). Талентот кај детето може да биде поврзан со способност во потесна област која треба да се развива со многу работа и упорност (на пр., талент за музика, пеење, хемија, физика, математика, пишување и сл.).

| IQ | Категорија за интелектуална развиеност | % од популацијата |
|---|---|---|
| > 146 | Надарени деца | 1 |
| 130-145 | Таленти | 2 |
| 115-129 | Надпросечни деца | 13 |
| 85-114 | Просечни | 66 |
| 70-84 | Потпросечни | 13 |
| 55-69 | Дебили | 2,7 |
| 40-54 | Имбецили | 2,27 |
| < 39 | Идиоти | 0,03 |

Табела Интелектуална развиеност кај децата, според И. Фурлан

**Надареноста кај децата** се должи на високи општи интелектуални способности и се идентификува врз основа  на веќе постигнатите натпросечни резултати.

Надареноста и талентираноста се застапени во сите сфери од човековото живеење и често пати се преклопуваат.

Постојат повеќе видови на надареност, односно:

- **Повеќекратна надареност**: поединецот покажува истовремено постигнување со исклучително високи резултати во повеќе подрачја од човековата дејност (на пр., истовремено постигнување на исклучително високи резултати како во повеќе научни области, така и во литературата или уметностите).

- **Надареност за природни науки**: информатика, физика, хемија и биологија.
- **Надареност за уметност**: ликовна, музичка и сценска уметност.
- **Вербална надаренсост**: надареност за литература и надареност за јазици.
- **Надареност за лидерство**: прилагодливост, трпеливост, толеранција, харизматичност, креативност, натпросечна интелигенција, самодоверба, лојалност, ораторски вештини, отвореност, организаторски способности и нагласена способност за апстрактно мислење и донесување одлуки.

Иако секој надарен и талентиран ученик се одликува со одредена лична специфичност, сепак сите тие имаат и одредени заеднички карактеристики како на пр.:

- натпросечна општа интелигенција;
- интелектуална љубопитност;
- критичко согледување;
- логичко асоцирање;
- способност за генерализација, оригиналност, иницијативност, широки интереси и
- одделни специфични способности.

Надарените лица, вклучително и ученици (според систематизација на карактеристиките на надарените ученици, според Ренцули) покажуваат одредени карактеристики при учењето, творењето, мотивацијата и опкружувањето (социјални карактеристики).




**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

## КАРАКТЕРИСТИКИ ПРИ УЧЕЊЕТО

- Поседува многу знаења и умееења од различни области;
- Чита книги наменети за поголема возраст;
- Поседува необично богат речник;
- Зборува течно и концизно;
- Има способност за одлична перцепција;
- Ги разбира сложените предмети и појави;
- Во изложувањето може да го одделни битното од небитното;
- Брзо ги согледува фактите и лесно ги сфаќа основните принципи;
- Не избегнува тешки и компликувани задачи;
- Поседува вештини за критичко мислење и самокритичност.

## КАРАКТЕРИСТИКИ ПРИ ТВОРЕШТВО

- Постојано поставува многу прашања за различни нешта;
- Не ги прифаќа изјавите на авторите без критичка проверка;
- Создава голем број идеи и решенија за поставениот проблем;
- Прифаќа ризици и опасни потфати при решавање на проблемот;
- Често нуди необични, оригинални решенија на стандардни проблеми;
- Се занимава со прилагодување, подобрување и модификување на принцип, предмет или систем;
- Не е конформист и не се плаши да биде различен од другите;
- Покажува смисла за хумор и сатира.

## КАРАКТЕРИСТИКИ ПРИ МОТИВАЦИЈА

Нема потреба од надворешна мотивација;

Се интересира за прашања за кои се интересираат возрасните;

Си поставува себе си високи развојни цели и се стреми кон совршенство;

Потполно се посветува на преферираните задачи;

Не е задоволен со рутински, неинвентивни работи;

Сака да работи независно, без помош од возрасните;

Во своите изјави е непопустлив, одлучен и истраен.

## СОЦИЈАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Добро соработува со околината;

Презема должности и одговорности;

Се прилагодува на нови услови и социјални ситуации;

Поборник е за демократски и рамноправни општествени односи;

Самосвесен е, има доверба во себе и тоа јавно го искажува;

Може да се соживее со проблемите на другите и затоа е отворен за решавање на политички и социјални прашања;

Сигурен е во работи кои бараат планирање и организирање.

Надарените и талентирани ученици имаат и одредени карактеристики (според Хаген и Кларк). Овие карактеристики се поделени во неколку групи, односно:

- Когнитивни (мисловни) карактеристики
- Афективни (емотивни) карактеристики
- Физички карактеристики
- Сензорни карактеристики
- Интуитивни карактеристики
- Социјални карактеристики

Врз основа на погоре наведените карактеристики, надарените и талентирани ученици се соочуваат со одредени проблеми.

| | |
|---|---|
| **ПРОБЛЕМИ ВРЗ ОСНОВА НА МИСЛОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ** | Здодевност за време на редовната настава;<br>Нетрпеливост кон соучениците да ги извршат задачите и нетолерантност за способностите на другите, што може да доведе до лоши заемни односи со помалку способните врсници;<br>Слаба соработка со групата, соучениците го доживуваат како "да се прави важен", го сметаат за тврдоглаво и упорно лице, кое не соработува, па затоа наставниците и соучениците често пати негативно ја оценуваат неговата супериорност во дискусиите;<br>Опкружувањето го доживува како премногу сериозен и како лице што не почитува авторитети и традиција;<br>Неговата способност за анализа и синтеза средината ја доживува како елитен, супериорен и надмен критизер;<br>Се навредува ако го прекинат во работата и се фрустрира заради поставените рокови и потребата потполно да ја заврши работата според дадени барања и стандарди;<br>Ако континуирано се бараат резултати како докази за наученото, може, и покрај примарниот интерес, да одбие да се ангажира;<br>Се фрустрира кога ќе осознае дека другите сметаат дека се „оддалечува од темата" или дека го сметаат за "чудак";<br>Може да биде казнет ако не ги следи упатствата и да биде отфрлен заради опортунизам;<br>Отфрлањето или испуштањето несуштествени поединости, кои другите ги сметаат за важни, и генерализирање на прашањата што ги поставуваат другите, најчесто се сфаќа како непочитување;<br>Се фрустрира кога другите не ги разбираат неговите идеи и концепти, кои најчесто се разликуваат со конвенционалните;<br>Самокритиката и ставот од неуспех можат да го обесхрабрат. |

| | |
|---|---|
| **ПРОБЛЕМИ ВРЗ ОСНОВА НА ЕМОТИВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ** | Големата акумулираност на информации за емоциите може да доведе до погрешно интерпретирање на овие информациите, што негативно влијаат на индивидуата;<br>Пречувствителност на критицизмот од страна на околината, што резултира со високо ниво на потреба за успех и признание;<br>Користењето на смислата за хумор, во насока определено лице да се критикува може да резултира со влошување на заемните односи со соучениците;<br>Високата самосвест придружена од чувството да се биде поинаков може да придонесе да се чувствува отфрлен и изолиран, и можност надарениот да ја перцепира различноста како негативен атрибут;<br>Раното јавување на идеализам и чувствата за моралност праведност може да доведат до поставување на нереални цели, а не постигнувањето на истите да резултира со интелектуална фрустрација, како и до нетолеранција и недоволно разбирање од врсниците, кое најчесто доведува до отфрлање и изолација;<br>Отфрлањето на оценките од другите и избор да се живее според личните вредности, што најчесто доведува до конфликт со опкружувањето;<br>Високи очекувања од себе и од другите може да премине во перфекционизам и да резултира со обесхрабрување и фрустрации како последици од голема самокритичност;<br>Силната потреба за доследност може да доведе до фрустрација која води кон инхибирање на самоактуелизација и нарушување на односите со средината. |

**ПРОБЛЕМИ ВРЗ ОСНОВА НА ФИЗИЧКИТЕ И СЕНЗОРНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ**

Необичната способност за сензорско регистрирање на информации од околината може да резултира со дифузно движење на вниманието кон повеќе области на интерес поради што се троши многу енергија, но и да создаде впечаток за незаинтересираност;

Диспропорцијата меѓу физичкиот и интелектуалниот развој, која предизвикува надарени деца кои се чувствуваат удобно единствено кога себе си се изразуваат преку ментални активности што води до ограничен и физички и ментален развој;

Ниската толеранција за неусогласеноста на нивните стандарди и нивните атлетски вештини доведува до тоа надарените деца да одбиваат да учествуваат во активности каде што не се истакнуваат и до оневозможување на пријатните искуства што произлегуваат од физичките активности, а во крајна линија доведува и до штетност на физичкото и менталното здравје.

**ПРОБЛЕМИ ВРЗ ОСНОВА НА ИНТУИТИВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ**

Раниот интерес за интуитивно знаење и метафизички феномени може да доведе до тоа да е исмеван од врсниците, а возрасните да не го сфаќаат сериозно;

Отвореноста за искуства во врска со метафизичките феномени и експериментирањето со физички и метафизички феномени, може да доведе надареното дете тесно да се фокусира на систем на верувања кој е неоснован;

Креативноста во сите области на дејствување, може да придонесе да биде оценет како девијантен и како креатор на проблеми, но и да се досадува при работењето на вообичаени задачи.

**ПРОБЛЕМИ ВРЗ ОСНОВА НА СОЦИЈАЛНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ**

Силната мотивација од потребата за самоактуелизација може да доведе до фрустрација доколку не се чувствува предизвик и до губење на нереализираниот талент;

Зголемен когнитивен и афективен капацитет за сфаќање и решавање социјални проблеми може да доведе до тенденција да се дојде до брзи решенија без оглед на комплексноста на проблемот;

Способностите за водство и недостигот на можности конструктивно да се користи оваа способност може да придонесе таа да исчезне во детството или да се трансформира во негативна карактеристика, т.е. до девијантно однесување.

### 3.3.1 Препознавање и идентификација на надарените ученици

Во минатото, па и денес во училиштата постои проблем околу препознавање и идентификација на надарените и талентирани ученици. За да бидат овие ученици правилно третирани, а со тоа и правилно да се развиваат, потребно е да се посвети големо внимание кон нивно препознавање и идентификација.

Често пати, надарените и талентирани ученици се бараат во оние кои покажуваат одличен успех. Постигањето на одличен успех најчесто е резултат на добрите „работни“ навики на ученикот и неговата дисциплина во извршување на училишните обврски. Надареноста кај ученикот може да биде скриена поради неговиот послаб успех, желбата да не се експонира или пак да се прикрива поради неприфаќање од страна на неговите соученици.

Препознавањето на надареноста и талентот кај децата треба да почне од најрана возраст, најпрвин во домот, потоа во предучилишна и почетна училишна возраст, во основно, па потоа во средно образование.

Според Јанос и Робинсон (1985) општата интелектуална надареност, независно кога се препознава треба да се раководи според:

- надворешното однесување на надарените деца;
- интелектуалното функционирање;
- квалитативните разлики во функционирањето;
- специфичните карактеристики на надарените и
- негативните манифестации кај надарените.

Бидејќи прирачников е пишуван за потребите на средните земјоделско-ветеринарни училишта, овде ќе се задржиме на препознавање на надареноста кај средношколците (адолесцентите).

## Надворешно однесување на надарените средношколци:

- поседува големо општо знаење;
- за својата возраст има несразмерно големи знаења во специфичните области на интереси;
- самостојно учи од книги и други извори на знаење;
- покажува одбивност да биде директно подучуван, но има потреба од ментор.

## Интелектуално функционирање на надарените средношколци

- поседува способност да согледува односи од трет, а во некои случаи и од четврт ред;
- лесно ја открива суштината на предметите и појавите;
- поседува способност да формулира важни и реални проблеми и дел од нив самостојно да ги решава;
- поседува способност да ја менува и да ја прилагодува средината на своите потреби.

## Квалитативни разлики во функционирањето на надарените средношколци

- покажува квалитетни метакогнитивни процеси како последица од поседувањето на голема, активна и еластична база на знаења;
- манифестира креативност, која произлегува од активната употреба на увидувањето, на метафизичкото согледување на односите и од проширувањето од границите на специфичната база на знаења.

## Карактеристики на мотивацијата кај надарените средношколци

- покажува одлучност за постигнување успех;
- има висок критериум за успешност, и мотивација ја насочува кон постепено постигнување на организиран и планиран систем на цели.

## Негативни манифестации на надареноста кај надарените средношколци

- можен е внатрешен конфликт, како резултат од посакуваните животните цели;
- компромис меѓу целите на штета на квалитетот на резултатите од трудот и менталното здравје;
- конфликт со средината заради тенденцијата средината да ја подредува и моделира во функција на постигнување на личните цели;
- кај лицата со особено високи способности можен е конфликт и неусогласеност со училиштето како институција, со пријателите и со семејството.

Доколку наставникот види позитивни знаци за надареност кај некој ученик потребно е да се пристапи кон задоволување на потребите на тој ученик.

Во овој период родителите имаат клучна улога во развивање и следење системот за развој и социјализација на надарениот ученик.

Добро би било, стручната служба од средното училиште да стапи во контакт со стручната служба од училиштето каде што надарениот ученик го завршил основното образование, од каде би добиле подетални информации за надареноста и карактеристиките на ученикот.

Препознавањето и идентификацијата на надарените ученици треба да се изведува врз некои принципи и методи.

Според Ѓуриќ, препознавањето и идентификацијата на надарените ученици треба да се врши врз основа на следниве принципи:

- **принцип на демократичност:** постапката за идентификација треба да се изврши за секој ученик кој покажува било каков знак за надареност;
- **принцип на мултидисциплинираност:** при идентификацијата да бидат вклучени стручни лица од различни институции (воспитно-образовни, научно-истражувачки и сл.)
- **принцип на биосоцијална оптималност:** идентификацијата да се изврши на возраст кога одредена дарба се јавува во психофизичкиот развој на детето;
- **принцип на лонгитудиналност:** идентификуваното дете да се следи подолг временски период и да се повторува идентификационата постапка во различни развојни фази со цел да се обезбедат оптимални услови за развој на детето;
- **принцип на економичност:** процесот на идентификација и работа со надарените ученици да се извршува во рамките на редовната настава (работа) со другите ученици.

Методите кои се користат во препознавање на надарените и талентирани ученици се различни. Најчесто се користат следниве методи и инструменти:

- Проценка на карактеристиките на личноста од страна на родителите, наставниците, соучениците и самопроценка на ученикот (овие проценки можат да бидат субјективни). Иако во ваквата проценка наставниците имаат клучна улога, најчесто тие не се доволно обучени за да ја спроведат ефикасно оваа задача.
- Користење на различни тестови за мерење на степенот на развиеност на особините на личноста (на пр., тестови на интелегенција, тестови на креативност, тестови на личноста и др.).
- Проценка на изработки на ученикот кои добиле одреден награди или истите се јавно верифицирани на пр., публикација на стручни и научни трудови, патенти, награди на натпревари, изработка на проекти и сл.

Како инструменти за препознавање на надарени ученици се користат прашалници кои се наменети за родителите, ученикот, соучениците, наставниците.

Откако ќе се препознаат надарените ученици треба да се пристапи кон нивна идентификација. Оваа активност ја презема стручната служба.

Во понатамошната работа со надарените ученици примарна е улогата на наставникот кој континуирано треба да се консултира со универзитетски професор или научник за дадена област во која ученикот е идентификуван како надарен (на пр., хирургија, хидропоника, селекција на земјоделски култури, вештачко осеменување на домашни животни и сл.).

Наставникот кој ќе работи со надарен или надарени ученици треба да изнајде најсоодветни методи и форми на работа.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

# УЛОГА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИНКЛУЗИЈА

## *4.1 Наставниците во процесот на инклузија*

За да биде образованието квалитетно, мора да се почитуваат различностите, да владее демократијата, односно да има еднаквост, праведност и недискриминација.

За сето ова одговорноста ја имаат наставниците (училиштето), родителите и опкружувањето.

Наставниците се клучниот фактор за обезбедување на квалитетно образование за сите деца. Насекаде во светот, наставниците се посветени за обезбедување на правото на образование за сите деца.

Иако многумина работат во тешки околности (големи паралелки, неадекватна инфраструктура, недостаток на основни наставни материјали, висок степен на отсуствување од настава, нефлексибилни политики и наставни програми, ниски плати, и сл.), тие вредно работат за да одговорат на потребите на сите ученици во училиштата.

Каква ќе биде климата во паралелката пред се ќе зависи од тоа дали наставникот ги почитува различностите помеѓу учениците, меѓусебната доверба, соработката, разбирањето како, и од почитта на наставникот кон самиот ученик.

Познатиот учител и клинички психолог д-р Haim G. Ginott (1922 – 1973) во „Цитати од учител и дете“ многу убаво го опишува влијанието што го имаат наставниците врз учениците.

Тој вели:

Дојдов до застрашувачки сознанија при моите истражувања, а тоа се:

- Јас сум одлучувачки фактор во училницата.
- Мојот личен пристап ја создава климата во училницата, а со моето секојдневно однесување ја создавам нивната личност.
- Како учител поседувам огромна сила со која што можам на учениците животот да им го направам беден или радосен.
- Јас можам да го понижам или да го орасположа детето.
- Јас можам да бидам средство за тортура или инструмент за инспирација.
- Можам да го повредам или да го излечам детето.
- Во сите ситуации, мојата работа е одлучувачка дали кризата што ќе се создаде кај детето ќе ескалира или нема да ескалира идали детето ќе се социјализира или не.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

При работа со деца, треба да се истакне дека „Сите деца во основа имаат исти потреби, но начинот на задволување на тие потреби може да биде со потешкотии или пак, да биде различен“.

Во пракса, кај многу наставници, родители и соученици има отпор кон инклузијата. Често пати нивното мислење за учениците со ПОП може да се види во неколку реченици од типот:

- Не им е местото во училиште!
- Не се воспитани!
- Мутави се!
- Нетокму се!

Затоа е потребно да се вложи многу труд за да се променат стереотипите кај вработените, учениците и родителите за вклучување на децата со посебни потреби во процесот на инклузија.

За кој наставник може да се каже дека не е наставник во инклузијата?

- ☹ Непознавање на специфичните потреби на детето (не е едуциран, или не сака да се едуцира);
- ☹ Има страв од одговорност;
- ☹ Има негативен став спрема децата со посебни потреби, што е резултат на минатото, традицијата и предрасудите;
- ☹ Инклузијата во образованието ја оправдува само декларативно и се залага само за физичка интеграција на децата со посебни потреби;
- ☹ Надрипедагог;
- ☹ Не ги спречува останатите да ги манифестираат стереотипите и негативниот однос спрема децата со посебни потреби.

Како што истакнавме претходно инклузивното образование и воспитание се заснова на филозофијата сите ученици  да се образуваат во редовните училишта, а за да се реши проблемот со инклузивното образование не е доволно учениците со посебни образовни потреби само да се сместат во редовните училишта.

Ако учениците ја немаат соодветната поддршка и го немаат чувството дека припаѓаат во групата, тогаш сме ја направиле најголемата сегрегација.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

За успешна инклузија потребно е наставниците да веруваат дека учениците со ПОП треба да се образуваат во редовните училишта, да веруваат дека можат да ги воспитуваат и да ги образуваат овие деца и да веруваат дека овие деца ќе станат корисни членови во општеството.

Иако се прават напори од страна на одговорните образовни институции, директорите на училиштата, па дури и од самите наставници за инклузивно образование, сепак многу ученици немаат соодветно обучен наставен кадар кој ќе одговори на нивните потреби.

Според  УНЕСКО се проценува дека во светот се потребни уште 1,6 милиони наставници за да се обезбеди универзално основно образование (до 2015).

Поради притисокот за зголемување на бројот на наставници во многу краток рок, се смета дека квалитетот на обуката на наставниците многу ќе опадне.

Инклузивното образование често пати се гледа како луксуз или како одговорност на специјалистите. Сепак независно од гледната точка, инклузивното образование е пресудно за да се дојде до квалитетно образование за сите деца.

Доколку наставниците се добро обучените, поддржани и мотивирани од страна на директорите и одговорните институции и авторитети, тие ќе допринесат да се зголеми уписот на ученици, нивно учество во училишниот живот и зголемување на успехот на сите деца, особено на децата со ПОП.

Што треба да знае секој инклузивен наставник?

- ✓ Деца со пречки во интелектуалниот развој најчесто ги поминуваат сите карактеристични фази од човековиот развој, но фазите се одвиваа малку побавно.
- ✓ Имаат лоша концентрација, вниманието не им е насочено, туку поминува од една на друга работа;
- ✓ Се плашат да испробуваат нови работи;
- ✓ Имаат потешкотии во решавањето на некаков проблем, несигурни се во себе и се нервозни;
- ✓ Не помнат добро, она што го научиле го заборавaат брзо и лошо се изразуваат усмено и писмено;
- ✓ Честопати се несигурни во движењето, се сопкаат и паѓаат;
- ✓ Зборуваат со јазикот на мало дете,
- ✓ Повеќе сакаат да се во друштво со помали деца;
- ✓ Промените за кои не се подготвени за нив делуваат фрустирачки.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

## *4.2 Препознавање и работа на наставниците со децата кои имаат посебни образовни потреби*

### 4.2.1 Работа со ученици со пречки во интелектуалниот развој

**Работа со ученици со ментална ретардација.** Менталната ретардација не е болест што може да се лечи, туку состојба којашто може до одреден степен да се корегира во зависност од другите способности на детето, со некои корективни активности.

Се појавува како последица од влијанието на различни фактори (хормонално, метаболитичко или друго пореметување, рендгенско или друго зрачење, сипаница или др.заразна болест на мајката, тежок пораѓај, недоносеност, инфекција на ЦНС, менингитис и сл.).

Доколку немаат дуруги пречки тие се способни за воспитание и образование, преку индивидуално прилагодена програма и примена на методи и средства кои исто така се прилагодени на нивната намалена способност.




**Слика Лесна ментална ретрдација**

Како наставниците да ги препознаат децата со лесна ментална ретардација?

- ☹ Не можат да го задржат вниманието подолго време.
- ☹ Не можат долго време да го помнат наученото.
- ☹ Не се многу заинтересирани.
- ☹ Не те разбираат добро кога им зборуваш.
- ☹ Бесконечно повторуваат една иста работа.
- ☹ Имаат потешкотии во процесите на анализа и синтеза.
- ☹ Имаат потешкотии при изразувањето и често пати зборуваат како мало дете.
- ☹ Најчесто се во неконтролирано движење или пак се повлечени во себе.
- ☹ Бурно реагираат на промените ако за тоа не се подготвени.

**Работа со ученици со Даунов синдром.**На сликата подолу дадени се карактеристики по кои лесно можат да се препознаат деца со Даунов синдром.




**Слика Препознавање на деца со Даунов синдром**

Кај луѓето со Даунов синдром има и ментална ретардација со различен степен, од блага до тешка ретардација.

Децата кои имаат блага ментална ретардација треба да се вклучат во редовниот образовен систем, затоа што и овие деца ги поминуваат сите развојни фази, како и децата кои немаат пречки во развојот, само нивното поминување од фаза во фаза е нешто побавен и се одвива со задоцнување.

При одржување на наставниот час се препорачува информациите кои ги пренесува наставникот да се презентираат визуелно, преку слика, затоа што тие подобро го разбираат она што го гледаат отколку она што го слушаат.

Визуелните демонстрации, слики и илустрации може успешно да се искористат за да се помогне во обезбедување ефективна настава во сите предметни области.

Лицата со Даунов синдром се способни да завршат основно, средно и високо образование и да се вклучат на пазарот на труд како стручен и обучен кадар. Исто така, тие се работоспособни и можат да ги извршуваат работните задачи по даден работен налог.

За да им се помогне на лицата со Даунов синдром да станат понезависни потребно е да им се овозможи физикална, локопетска и др. терапија, да им со овозможи соодветно образование и да им се овозможи социјална инклузија.

## Како наставниците да работат со децата кои имаат пречки во интелектуалниот развојот?

Децата со пречки во развојот учат на различни начини и често пати не е лесно да се пронајдат најдобрите методи.

Некогаш самомотивираноста, упорноста и увереноста на наставникот дека ја прави вистинската работа ќе доведе до успех.

Најлесен начин на децата да им се осигура успешност е комбинирање на различни стратегии, методи, облици и средства, како и создавање можност за алтернативни искуства во учењето, прилагодување на наставните програми и често менување на активности за да се прилагодат потребите на сите деца.

## Примери за потешкотии кои се јавуваат при работата со учениците кои имаат пречки во интелектуалниот развој и предлози како да се решат тие проблеми:

### А. Тешко можете да го заинтересирате ученикот

- ✓ Ученикот нека седи во прва клупа, блиску до наставникот.
- ✓ Кога раскажувате лекција, давајте примери од секојдневниот живот.
- ✓ Давајте конкретни примери, објаснувајте преку цртежи, PowerPoint презентација и сл.
- ✓ Барајте повратна инфор-мација од ученикот за она што го разбра, со наведување примери од неговиот личен живот (во зависност од темата.)

**Б. Потешкотии при одржување на вниманието додека предавате:**

- ✓ Давајте кратки и јасни објаснувања.
- ✓ Обезбедете напишани или нацртани упатства, кои на другите ученици им ги кажувате усно.
- ✓ Гледајте го ученицикот додека зборувате и барајте и тој да ве гледа вас.
- ✓ Барајте од ученикот да ги каже основните информации од лекцијата.
- ✓ Правете комбинација од писмени  и усни задачи.

**В. Тешкотии во следењето и разбирањето на упатствата што ги давате додека предавате:**

- ✓ Упатствата давајте ги кратко и јасно.
- ✓ Повторете го упатството.
- ✓ Побарајте од ученикот да ви повтори, за да видите дали го разбрал упатството.

**Г. Тешкотии при следење на напишан текст:**

- ✓ Маркирајте го текстот/подвлечете го со маркер фломастер или молив.
- ✓ Важните делови од текстот/ пасуси обележете ги со бројки и кажете му на нив да обрне внимание.

**Д. Тешкотии при читањето на текстот:**

- ✓ Користете прилагоден текст за помала возраст.
- ✓ Дајте му повеќе време за читање на текстот.
- ✓ Објаснете ги новите поими.
- ✓ Давајте му домашна задача.
- ✓ Поставете му прашања на кои знаете дека може да ви одговори и пофалете го.

**Ѓ. Детето има потешкотии да ја заврши дадената задача навремено:**

- ✓ Дајте му повеќе време.
- ✓ Дајте му пократка задача.
- ✓ Побарајте од него да ви каже за колку време ќе ја заврши задачата и ако ја заврши во времето кое само го одредило пофалете го.

**Е. Детето има потешкотии кога се изразува усмено:**

- ✓ Дајте му да се изразува писмено или преку цртеж.
- ✓ Постепено од него барајте да дава кратко усмено изразување.

**Ж. Тешкотии при учењето кога ве слуша додека предавате:**

- ✓ Паралелно со усното предавање подгответе и напишани илустрации.
- ✓ Отфрлете ги зборовите кои сметате дека се одвишни.

**З. Тешкотии при групна работа:**

- ✓ Прецизно одредете ја задачата на секој во групата.
- ✓ Дефинирајте ги фазите за реализација на задачите.
- ✓ Доколку е можно дајте му на ученикот некоја важна улога во групата.

**Ѕ. Детето има потешкотии при самостојна работа:**

- ✓ Прилагодете ја тежината на задачата, обемот и времето за работа според способноста на ученикот. Ако детето не може да одговори, тогаш наредниот пат намалете го обемот на работа и обратно ако увидете дека детето успешно ја завршило работата зголемете го обемот.
- ✓ Побарајте да ја повтори зададената задача, па ако не ја разбрал повторете му ја.

**И. Потешкотии при помнењето:**

- ✓ Побарајте од ученикот да си направи потсетник.
- ✓ Вклучете ги и родителите да ги проверуваат обврските што му ги давате на детето.
- ✓ Покажете му на детето како да ги означува важните делови од текстот за полесно учење и помнење.

**Ј. Тешкотии при проверување на знаењето преку тест:**

- ✓ Намалете го бројот на прашањата во тестот наменет за децата со посебни потреби.
- ✓ Терминологијата да ви биде едноставна.
- ✓ Во почетокот дајте му тест со точни одговори.
- ✓ Групирајте ги прашањата по тематска сродност.
- ✓ Избегнувајте отворени прашања.
- ✓ Продолжете го времето за работа.
- ✓ Дозволе те им на учениците да одговараат и усно.




**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

### 4.2.2 Работа со ученици со аутизам

За време на часовите наставниците можат да користат различни комуникациски стилови (писмени, вербални, гестакулациски, комични, визуелни и сликовити) кога работат со аутистично дете, односно:

- Да употребуваат едноставен и прецизен јазик кога даваат инструкции;
- Да почнат со еден збор и постепено да се движат кон покомплексни реченици;
- Работите да ги кажуваат на позитивен начин, почнувајќи со тоа што сакаат да направи ученикот,а не со тоа што не сака да биде направено;
- Да се обидат активностите кои се реализираат да бидат со вообичаен распоред и да ги следат дневните рутини.
- Да ги учат децата насоцијално однесување преку „играње улоги“ и практични демонстрации за различни ситуации.
- Да имаат јасни и доследни реакции ако детето се однесува неадекватно во некоја ситуација.
- Да ги поттикнува на правилно изразување на чувствата преку употреба на соодветни зборови, а доколку не зборуваат, да користат слики за различни емоции, ставајќи акцент на изразот на лицето, положбата на деловите од лицето, очи, веѓи, уста...) со тоа што преку слика ќе ви покажуваат како се чувствуваат.
- За да не бидат збунети децата со аутизам поради менување на рутината се препорачува наставникот јасно да им ги објасни правилата правилата што се однесуваат на секоја ситуација што ќе се појави.
- Вештините кои треба да ги стекнат за време на часот да се вежбаат во различни ситуации. На почетокот и на крајот од активноста да се користи јасен сигнал. Кога се најавува промена на активноста да се користат едноставни зборови.

За време на часот децата со аутизам можат да бидат вознемирени од повеќе причини како на пр., од бучавата што може да се создаде во опкружувањето, да станат чувствителни од одреден материјал, етикети, обувки, да реагираат на вкусови како на пример слатко, кисело, солено, горчливо. Можат да бидат вознемирени од некои мириси, од светлосни зраци, новиот простор кој за нив е непознат, доколку настане некоја промена во текот на активноста или па,к истата се прекине , аутисточното дете ја реализира и др.

### 4.2.3 Работа со ученици кои имаат дислексија, дисграфија, дискалкулија

Учениците со дислексија и дисграфија имаат проблеми при фаќање на забелешки, па наставникот треба да им даде поголемо време за да го прават истото.

Овие деца при пишувањето испуштаат букви, дел од зборови или цели зборови, речениците им се несредени, а ракописот нечитлив. Наставникот не треба да реагира на сето тоа, особено не пред останатите ученици.

Овие ученици немаат успех при пишување на писмени задачи и одговарање на тестови. Затоа е потребно проверувањето на нивните знаења да биде преку усно одговарање. При усното одговарање тие зборуваат бавно и треба да се сочекаат.

**При работа со овие ученици кои имаат потешкотии во читањето и пишувањето неопходно е наставникот да:**

- ✓ Испланира доволно време за усвојување на одделни теми.
- ✓ Користи видни, аудитивни, тактилни стимулации при излагање на нови содржини.
- ✓ Систематски проверува дали детето ги разбрало содржините, поимите и дефинициите.
- ✓ Дава дополнително објаснување ако е потребно.
- ✓ Користи конкретни примери, слики, експерименти  и сл. поврзани со животната средина.
- ✓ Ги подели задачите на повеќе фази.
- ✓ Задава помалку задачи
- ✓ Не го ограничува времето на изработка на писмените задачи
- ✓ Избегнува ангажирање на детето во активности како што се: читај на глас или пишувај на табла (освен ако детето не изрази желба).
- ✓ Охрабрување на детето на спонтано изразување и поттикнување на самостојна работа.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

### 4.2.4 Работа со ученици кои имаат пречки во слухот, говорот и гласот

Деца со **пречки во слухот** се оние деца кои целосно го изгубиле слухот или пак слухот е делумно изгубен.

При работа со овие ученици наставниците треба да:

- ✓ На детето да му се овозможи седење во прва клупа за да може да ги следи движењата на устата на своите врсници и/или на наставниците.
- ✓ Наставникот да зборува со прилагодена јачина, брзина, ритам и интонација, без повишен тон.
- ✓ Говорот мора да му биде јасен, заснован на познати зборови заради подобро разбирање.
- ✓ Непознатите зборови треба дополнително да се појаснат, посебно апстрактните поими.
- ✓ При предавањето, наставникот да прави паузи додека зборува и јасно да ги формулира прашањата.
- ✓ Користи што повеќе слики, предмети, модели, видео записи за демонстрирање на појавите.
- ✓ Користи гестикулации, движења со рацете за сето она што потешко се изразува со говорот.
- ✓ Користи графички приказ/цртежот при што се олеснува разбирањето.
- ✓ Повторување на клучните поими на крајот од часот.
- ✓ Да ми се даде доволно време на детето да ги изрази своите мисли.
- ✓ Да нагласи очигледност, постапност, активност , стрпливост и креативност.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

**Ученици со пречки во говорот и гласот (јазикот)** се оние кои имаат различни отстапувања во говорот, односно неможност правилно да ги изговараат некои гласови, неможат да ги мешаат некои гласови или пак не можат да се искажат, имаат неправилно говорење на некои слогови или цели реченици.

За учениците кои зборуваат течно и без прекинување, ниту пребрзо, нити пребавно, со правилен ритам, со висина на тонот и боја на гласот што одговара на возраста на ученикот велиме дека говорат правилно.

Како наставниците да работат со децата кои имаат пречки во говорот и гласот?

- ✓ Наставник не треба да бара од ученикот да чита на глас.
- ✓ Ученикот кој пелтачи/д'тка треба да се поттикнува да зборува без страв и срам.
- ✓ Доколку не го разбирате детето што ви кажало, замолете го тоа да го повтори.
- ✓ Давајте му да работи или да одговара писмено.
- ✓ Учениците што пелтачат најдобро течно се изразуваат преку пеење.

### 4.2.5 Работа со ученици кои имаат оштетен вид

Наставниците кога работат со учениците кои имаат пречки во визуелната перцепција неопходно е:

- ✓ Да се обезбеди безбеден простор (микро и макро).
- ✓ Детето да се известува за сите промени на организацискиот простор.
- ✓ Да му се обезбедат услови на детето секогаш добро да слуша.
- ✓ Содржините кои што се испишуваат на табла, гласно да се изговараат.
- ✓ Да се развива тактилна перцепција, слух и говор.
- ✓ Да се даваат конкретни, јасни и прецизни инструкции.
- ✓ Да се користат зборовите погледни, гледаш и сл.
- ✓ Да му се дозволи на детето да снима со диктафон.
- ✓ Да се користат макети, модели или вистински нешта за кои што се зборува.
- ✓ Кај слабовидите деца да се обезбедат тетратки со изразени линии, мат основа и црни фломастери.
- ✓ Да му се обезбеди прилагоден наставен материјал.
- ✓ Да му се обезбеди Браева машина, компјутер, печатар, лупа, ТВ лупа и сл.




**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

### 4.2.6 Работа со ученици кои имаат телесна попреченост

Учениците со телесна попреченост имаат состојба на намалување или губење на функционалната способност на еден или повеќе делови од телото.

При работа со овие ученици, училиштето и наставниците потребно е:

- ✓ Да им обезбедат простор без бариери, за полесно движење.
- ✓ Да им овозможат користење на тетратки со поголем формат и дебели корици за подолг век.
- ✓ Да му се овозможи на ученикот да пишува со големи, печатни букви.
- ✓ Да му се овозможи подолго време за извршување на графичките активности.
- ✓ Текстот предвиден за на табла, да се ископира и да му се залепи во тетратка.
- ✓ Да се овозможи користење на други помагала, со помош на друга личност.
- ✓ Да се обезбеди придружба на друга личност ако е тоа потребно за полесно движење



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

### 4.2.7 Работа со ученици кои имаат пречки во однесувањето-adhd

ADHD претставува синдром на пореметување на вниманието, концентрацијатаи импулсивноста, особено кај поголем број надпросечно интелегентни ученици.

Ваквите деца доколку немаат помош и поддршка од своите родители, наставници и стручни лица, многу тешко можат да се справат со ова пореметување.

Терминот ADHD е скратеница од Attention (внимание)-Deficit (дефицит)-Hyperactivity (хиперактивност) (Disorder-растројство) и претставува пореметување на вниманието со хиперактивност, односно тоа вклучува зголемена моторна активност на детето, која е проследена со несоодветно развиено и лесно отстранливо внимание, како и нагли непредвидливи и нипулсивни реакции.

Детето со ADHD во училиште е немирно, им пречи на другите деца и на наставниците во работата, не можат своето внимание да го насочат на зададената задача, ниту пак истата да ја завршат.

Исто така, тие не внимаваат, имаат променливо расположение, немаат пријатели поради раздразливоста и таквото однесување и секогаш се во проблеми.

Најчесто родителите и наставниците за своето или пак за некое друго дете кажуваат дека е хиперактивно, но често пати грешат.

За да се утврди дали детето е хиперактивно потребно е при дијагностицирањето на ова нарушување да учествува мултидисциплинарен тим, при одредени непосакувани симптоми од листата на симптоми за невнимание и хиперактивност, кои детето ги покажува повеќе од 6 месеци во домот, училиштето, градинката и сл.




**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Кога учениците со ова нарушување кога ќе дојдат во средното училиште, наставниците можат да ги препознаат по следниве карактеристики:



Како наставниците да работат со ученици кои имаат синдром на ADHD?

- На овие ученици треба да им се посвети повеќе време и да им се даде можност подолго време да ги решаваат дадените задачи.
- Сите задачи и активности треба да бидат прилагодени за нив.
- упатствата и насоките кои им се даваат за време на наставата треба да бидат кратки, јасни и често да се повторуваат (поради губењето на концентрација и интерес за време на часот).
- Ако ученикот се однесува „добро“ после дадена сугестија од наставникот потребно е да се „награди“ на пр., со пофалба (наградата треба да се менува во зависност од ситуацијата за да биде ефикасна).
- За да може ученикот да ги совладува наставните содржини кои произлегуваат на наставните планови и програми потребна му е помош од образовен асистен кој дополнително ќе му ги објаснува зададените задачи, ќе му ги повторува правилата и ќе води евиденција, или дневник за равивањето на ученикот.
- Наставникот треба да биде во постојан контакт како со родителот на ученикот, така и со неговиот образовен асистент.




**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

## *4.3 Работа со надарени и талентирани ученици*

Надарените ученици во себе имаат огромен потенцијал. Тие се љубопитни, и спремни се да работат на повеќе подрачја.

Колку училиштето ќе биде успешно во работата, учењето и подучувањето на надарените и талентирани ученици ќе зависи од креативната култура во самото училиште, како и од креативноста на наставниците.

Во современата педагогија се препорачуваат активности кои на ученикот му овозможуваат тој да истражува и открива нови знења од различни дисциплини, при што ќе продуцира нови идеи и ќе презема активности во кои критички ќе анализира, синтетизира, ќе носи заклучоци, ќе дискутира и ќе решава проблеми.

Надарените ученици најдобро напредуваат ако со нив се работи при учење преку решавање на проблеми, експериментална работа, работа на проекти, кративна работа и сл.

Овде треба да напоменеме дека наставникот треба да го мотивира ученикот, и при тоа да употребува различни форми на работа (индивидуална, работа во пар, група и сл.).



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

# УЛОГА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИНКЛУЗИЈА

### 5.1 *Родителите во процесот на инклузија*

Според истражувањата што ги има извршено Ресурсниот центар на родители на деца со посебни образовни потреби на тема „Бариери за образовна инклузија на деца со посебни потреби“ клучна улога во инклузивното образование имаат родителите на децата со типичен развој.

Според заклучоците излезното решение за подобра инклузија треба да се бара кај родителите на децата со типичен развој. Родителите на децата со типичен развој се жаришната точка не само во училишните и работните средини туку и во институциите и воопшто во секојдневниот живот.

Токму таму, институциите преку своите инструменти треба да повлијаат, вистински применувајќи ги политиките и законите за инклузивно образование и општеството. Моменталната ситуација не само што не им дава избор на родителите на децата со посебни потреби, туку, токму напротив – таа им дава можност на родителите на децата со типичен развој дури и да ги саботираат инклузивните процеси.

Кога учениците со посебни образовни потреби ќе се запишат во средно образование, тие наидуваат на стигматизација, отфрлање и маргинализирање, затоа што учениците со типичен развој се влезени во адолесценција.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Иако бројот на ученици со посебни потреби во средното образование е мал, сепак за да не дојде до отфрлање на овие деца потребно е да се работи со родителите, но и со децата со типичен развој.

Преку континуираната едукација на родителите на деца со типичен развој, родителите ќе придонесат во градењето на млади луѓе ослободени од предрасуди, стереотипи, дискриминација, а со тоа ќе ги поттикнат младите за меѓусебно дружење со младите што

имаат различни потреби и проблеми со што ќе се развива чувството за еднаквост и припадност, еднакви можности за сите, развивање соживот и заедничко спознавање на животот.

Градење партнерски односи меѓу наставниците, родителие и стручната служба во голема мерка можат да допринест во напредување на учениците со посебни образовни потреби.

Партнерските односи ќе бидат успешни доколку се засноваат на одредени принципи, односно:

- Правата и должностите на родителите се законски определени и при нивното исполнување, честопати на родителите им е потребна помош од страна на стручни лица.
- Партнерството меѓу родителите и инклузивниот тим вклучува почитување, комплементарни очекувања и подготвеност да научат едни од други. Родителот најдобро го познава своето дете, затоа напредокот се зголемува кога ќе се вкрстат знаењата на стручните работници и родителите.
- Родителите треба да ја поттикнуваат соработката со инклузивниот тим, сѐ со цел ученикот да добие навремено адекватна помош. Потребно е да се дадат сите релевантни информации за развојот на детето и видот на потребите. Инклузивниот тим, во интензивна соработка со родителите, активно го планира третманот на ученикот и треба да се изразува на јазикот на којшто родителот ќе ги разбере.
- На родителите на учениците со посебни образовни потреби им е потребна емоционална и морална поддршка во текот на целиот процес на третирање на ученикот.
- Родителите доаѓаат од различни социо-културни средини, поседуваат различни знаења, комуникациски способности и интереси и од тие причини, потребно е да се земат предвид разликите при контактот со нив.

Првиот чекор за инволвирање на родителите во воспитни-образовниот процес е создавање позитивна училишна клима.

Родителските состаноци, како еден од традиционалните модели на комуникација меѓу училиштето и семејството, се најзастапени и денес.

На родителските состаноци, родителите не треба да бидат во улога на пасивни примачи на информации.

Активно вклучување на родителите преку работилници, меѓусебни дијалози за развојот на детето и активни начини за помош на детето во учењето.

Родителите треба да ги информираат наставниците за знаењата, вештините, интересите што ги поседуваат со цел тие да може да дадат придонесат во наставата, воннаставните активности и целокупниот училиштен живот.

Училиштето може да организира едукативни работилници и предавања на теми за детскиот развој, начините на учење и помошта која родителите можат да им ја дадат на своите деца.

Училиштето може да ги поттикне родителите самите да ги искажуваат своите интереси и да одржуваат работилници на теми кои ги сметаат за корисни.

Училиштето може да поттикне размена на искуства меѓу родителите. Дијалогот меѓу самите родители може да дејствува мотивирачки и врз оние родители што не покажуваат доволна спремност за соработка со училиштето.

Училиштето може да претставува значајна основа и извор на поддршка на родителите така што:

- Ќе ја прошири можноста за размена на искуства меѓу родителите, на пример, во рамките на родителските состаноци;
- Ќе отвори можности за самоорганизирање на родителите и одржување неформални состаноци во училишните простории;
- Опремување на училишните библиотеки со соодветна литература која ќе ги збогати знаењето и искуството на родителите и слично.

Училиштето може да започне дијалог со родителите за нивното учество во донесувањето одлуки. Се предлага родителите и наставниците да поведат дијалог за сопствените очекувања и ставови поврзани со учеството на родителите во процесот на донесување одлуки во училиштето.

Дијалогот е добра основа за разбирање на потребите, усогласување на меѓусебните очекувања, поделба на одговорноста и воспоставување вистински партнерски односи.

Училиштето може да им обезбеди на наставниците квалитетна поддршка во поттикнувањето на партнерските односи со родителите.

Најчесто наведени причини за недоволна соработка се недостигот на време на родителите, како и недостигот на обуки и вештини за комуникација.

За таа цел, потребна е обука на родителите и подигнување на нивната свест за придобивките од нивното учество во процесот на образованието.

Но пред сè, обука е потребна за наставниците и другиот училиштен кадар. Нивната задача е многу потешка затоа што тие треба да бидат и планери, и организатори, и реализатори на целиот процес.

Кога родителите се партнери со училиштето, тие не го помагаат само процесот на учење на нивните деца, туку во средината за учење внесуваат животна реалност која на учењето му ја дава потребната смисла.

Градењето партнерски односи меѓу родителите и наставниците, за децата, идни граѓани, претставува модел на демократско однесување.

# ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ НАСОКИ И ПОСТАПКИ ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОП ВО ПРОЦЕСОТ НА ИНКЛУЗИЈА

## *6.1 Прилагодување на наставните програми за работа со ученици со поп во процесот на инклузија*

Како што истакнавме претходно, инклузијата е траен процес, во кој сите ученици се изедначени меѓу себе. Тоа е процес на меѓусебно почитување и прифаќање на различностите на секој ученик и неговите потреби.

Интеграција на учениците со тешкотии во учењето и развојот во редовните училишта подразбира преместување/уфрлување на учениците во средните училишта, без никакво прилагодување кон нивните посебни образовни потреби.

Интегрaктивниот пристап бара од ученикот да се промени и прилагоди во училиштето, со цел да се вклопи во училишната средина, при што акцент се става на училишните постигања, а не на постигањата на ученикот.

Во инклузивното образование сите ученици се различни, а училиштето и образовниот систем треба да се прилагодат за да одговорат на потребите на сите ученици како на оние со тешкотии во развојот и учењето така и на оние кои ги немаат.

За да се развива едно училиште во инклзивно, потребно е воспитно–образовниот процес да се заснова на моделот на интервенции за поддршка на повеќе нивоа. Моделот на интервенција се однесува нат во рансформации/интервенции:

- наставниот план и наставните програми;
- наставните стратегии;
- активностите и материјалите и
- континуирано следење на процесот на спроведување на интервенциите.

Основното ниво всушнот е она кога пропишаните програми и препорачаните методи се соодветни за најголемиот број ученици (околу 80 %) и за нив не се потребни посебни прилагодувања за да можат успешно да ја следат наставата.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

Спроведување на интервенциите треба да биде најмалку на три нивоа на поддршка на учењето, односно:

**А. Ниво I-Општа поддршка:** за овој вид поддршка одлучува училиштето во соработка со ученикот и неговите родители/старатели и притоа нема потреба од официјална одлука.

Општа поддршка ја даваат наставникот и стручните соработници кои водат евиденција за напредокот на ученикот. Учењето треба да се насочи кон индивидуализација и диференцијација на наставниот процес со примена на соодветни наставни методи и средства.

**Б. Ниво II-Интензивирана поддршка:** се применува тогаш кога кога општата поддршка не ги дава очекуваните резултати кај учениците. За да се даде препорака за интензивна поддршка потребно е училишниот инклузивен тим и Стручните тела за функционална проценка, направат проценка дека на ученикот треба да му се даде интензивирана поддршка со повеќекратни и истовремени интервенции и за него да се направи Индивидуален Образовен План (ИОП).

**В. Ниво III-Посебна поддршка:** кога интензивираната поддршка не ги задоволува потребите на ученикот или во друг случај, тогаш на ученикот треба да му се обезбеди посебна поддршка, откако е донесена препорака за давање посебна поддршка по направена проценка од страна на Стручните тела за функционална проценка.

Посебната поддршка е слична како и интензивираната поддршка, но е со уште поголем интензитет и повеќекратни и/или истовремени интервенции и се обезбедува врз основа на модифицирана наставна програма.

Кога станува збор за инклузивно образование, начинот на работа, подготовка и прилагодување на наставните планови и програми е дадено во постоечкиот Закон за основно образование.

Бидејќи за средно образование нема донесено нов закон во кој е опфатено инклузивното образование, средните училишта, вклучувајќи ги и средните стручни училишта како поддршка за работа со ученици со ПОП го користат Водичот за работа на училишниот инклузивен тим.

https://mon.gov.mk/stored/document/MK_%20revidiran_Vodic%20za%20rabota%20na%20UIT_final_WEB.pdf од каде што во понатамошниот текст ќе се користат дел од материјалите.

### 6.1.1 Формирање на училишен инклзивен тим (уит) и инклузивен тим за ученикот (иту)

**Училишниот инклузивен тим** го формира директорот и има мандат од три години. Училишниот инклузивен тим има за задача да работи на прашања поврзани со инклузијата и на воспоставување процедури во решавање предизвици на учениците со посебни образовни потреби во училиштето, што ќе им бидат познати на сите во училиштето. Што ќе содржи конкретно работата на секој училишен инклузивен тим ќе зависи од спецификите на училиштето.

Училишниот инклузивен тим ќе треба тесно да соработува со други тимови и комисии во училиштето, чија работа, на некој начин, е поврзана со инклузијата (на пр. со тимот за меѓуетничка интеграција, самоевалуација, развојно планирање и сл.).

**Училишниот инклузивен тим (УИТ)** е составен од седум члена:

- педагог (или психолог, односно социјален работник);
- двајца наставници од редот на вработените во училиштето;
- двајца родители или старатели;
- специјален едукатор и рехабилитатор и
- директорот на училиштето.

За да биде ефикасен, Училишниот инклузивен тим треба да воспостави процедури за својата работа.

Во процедурите спаѓаат: активностите кои ќе ги има во текот на учебната година, на кој начин ќе ги добиваат информациите за учениците со ПОП, на кој начин ќе комуницираат сите инволвирани во работата со учениците со ПОП, соработката со ресурсните центри, со работодавачите каде што учениците ќе ја реализираат практичната настава, односно Учење преку работа кај работодавач и феријалната пракса и сл. УИТ треба да има утврдено место за состаноци и определено време за редовни состаноци. За својата работа УИТ изработува годишна програма

Во Водичот за инклузивно образование постојат Протоколи и инструменти за работа на училишниот инклузивен тим кои се однесуваат за учениците во основното образование во кој се опфатени неколку подрачја:

- Опфат и вклученост на учениците;
- Планирање на воспитно-образовната работа;
- Поддршка на наставата и учењето;
- Поддршка на учениците;
- Партнерски однос со родителите/старателите, локалната и со деловната заедница;
- Анализа и евалуација на инклузивноста.

Сите насоки кои се дадени во наведените подрачја од Водичот, можат да се прилагодат и за средно образование. Ова прилагодување треба да биде работа на Инклузивниот тим на училиштето (ИТУ).

**А. Опфат и вклученост на учениците:** Училишниот инклузивен тим треба да земе учество во изготвување попис на активности што треба да се преземат за да се обезбеди максимален опфат на учениците од реонот, вклучувајќи ги незапишаните деца со поодмината возраст, тие што предвреме го напуштиле училиштето, ученици без државјанство, мигранти и прифаќање на учениците од други реони, доколку има услови за тоа.

Исто така, со стручната служба и членовите на комисиите и училишните работни групи треба да изготви протоколи и процедури кои се однесуваат на, како и обрасци кои ќе се користат при запишување, распоред во паралелките, следење на редовноста на учениците, нивното учество во воннаставните активности, како и премин на овие ученици од едно во друго училиште.

**Б. Планирање на воспитно образовната работа:** Училишниот инклузивен тим се вклучува во сите видови развојни, годишни и краткорочни планирања за да обезбеди, уште во фазата на планирање, инклузивен приод во севкупната работа на училиштето.

Инклузивниот тим во училиштето, во партнерство со другиот персонал од училиштето, го користи своето знаење да создаде средина за учење и за обезбедување соодветен материјал за учење и оптимален развој на сите ученици.

Во ова подрачје спаѓаат:

- развојните и годишните планирања на училиштето;
- поддршка на плнирањето на наставата.

Основа на развојното планирање на едно училиште, како и изработката на годишните програми е самоевалуацијата на училиштето и препораките на Државниот просветен инспекторат кој ги дава во Извештајот после извршената интегрална евалуација.

Што се однесува пак до планирање и поддршка на настават, според Водичот за работа на училишниот инклузивен тим:

„УИТ се залага при планирањата на наставата и на учењето однапред да се има предвид дека поради различните карактеристики на учениците ќе има потреба од диференцијација и индивидуализација и таа во најголема можна мерка треба однапред да биде испланирана.

УИТ се залага уште при планирањето на наставата и воннаставните активности да се води грижа за инклузија на сите ученици согласно нивните особености.

При планирањето на наставата целите/резултатите од учењето и стандардите за оценување (резултатите од учењето што се оценуваат) во наставните програми не се менуваат (освен за учениците со ИОП/модифицирана програма), додека содржините, препорачаните методи, форми и може да се: прошируваат, продлабочуваат, модифицираат, минимизираат, прилагодуваат на предзнаењата и можностите на група ученици или на поединечен ученик.

Притоа треба да се почитуваат принципите на диференцијација и индивидуализација на наставниот процес.

Се препорачува ИОП да содржи:

- опис на општата состојбата на ученикот;
- опис на функционалности (можности, силни страни, интереси, афинитети) и потреби на ученикот;
- цели/резултати од учењето, активности и постигнати резултати (стандарди за оценување);
- стратегија (методи, форми, пристап);
- ресурси;
- следење и оценување;
- временска рамка.

**В. Поддршка на наставата и учењето:** Училишниот инклузивен тим на наставниците кои работат со ученици со ПОП треба да им дадат различна поддршка за реализација на наставата и учењето на сите ученици, а особено за работа со учениците со посебни образовни потреби (користење на соодветни наставни методи и форми на работа, користење на асистивна технологија, наставни средства и материјали, на кој начин да ги задаваат училишните и домашните задачи, како и тоа на кој начин да се комуницира со учениците).

Поддршката на учениците со ПОП е доста важна. Всушност самата филозофија на инклузивното образование е давање континуирана помош и поддршка на учениците со ПОП за да напредуваат оптимално.

**Г. Поддршка на учениците:** На учениците со ПОП им е потребна севкупна поддршка. Училишниот инклузивен тим треба да се грижи како за учење и напредување на учениците со ПОП, така и за нивната емоционална состојба.

Овие ученици се емоционално и социјално поранливи и поради тоа е потребно да се обезбедат соодветни механизми за превенција, заштита и поддршка.

**Д. Партнерски однос со родителите/старателите, со локалната и деловната заедница:**

За инклузивното училиште многу е важна грижата за сите учениците да присуствуваат и учествуваат вовоспитно-образовниот процес, односно во животот на училиштето, а при тоа да постигнуваат оптимален успех. За да се постигне сето ова, меѓу другото, неопходно е континуирано одржување на партнерски релации со родителите или старателите на учениците, како и постојана комуникација и соработка со локалната заедница и со деловниот сектор.

**Ѓ. Прибирање информации, анализа и евалуација на инклузивноста**

Следењето и вреднувањето на инклузивниот процес во сите негови фази, како и следење на инклузивните практики е доста важна и одговорна задача на едно училиште. За да се поедностави следењето и вреднувањето потребно е да се воспостави и одреден систем

на следење. Сите информации кои ќе се соберат ќе послужат за да се направи вреднување на инклузијата на крајот од секоја учебна година. Со процесот на вреднување, училиштето може да знае кои му се следните предизвици за да биде инклузивно училиште. Прибирањето на информациите, анализата и евалуацијата треба да биде според индексот на инклузија.

Училиштето треба да воспостави систем за следење на инклузивните практики и за прибирање информации што се потребни за анализа и евалуација на инклузивноста. Тие се однесуваат на сите фази на инклузивниот процес.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

# УЛОГА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАЗЛИЧНИ КАТЕГОРИИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ УЧИЛИШТА

## 7.1 Наставниците во образованието на учениците од различни категории во земјоделските училишта

Наставникот во соработка со тимот за инклузивно образование, стручните соработници и родителите на учениците изработува мерки за индивидуализација и/или индивидуален образовен план за нивниот предмет во согласност со потребите на учениците, следејќи го педагошкиот профил и утврдените приоритетни области од педагошкиот профил.

Наставникот дизајнира цели и исходи за наставниот предмет, како и начини за спроведување на содржината на работата и избира методи и техники за работа со ученици кои овозможуваат вклучување на сите ученици во активностите на часот.

Поради различните образовни потреби на учениците, најважно е да се направи добра проценка за секој ученик на кој му е потребна дополнителна образовна поддршка (психолог, дефектолог-олигофренолог, логопед, социјален работник и сл.) и врз основа на тоа наставникот во соработка со тимот и родителите на ученикот креира индивидуален образовен план за ученикот поединечно со цел на најсоодветен начин да ја прилагоди наставата

За креирање на адаптирана настава за секој ученик, наставниците, другите ученици, тимовите заеднички работат на социјализација, толеранција, прифаќање на разликите и практични вештини во областа на земјоделството, каде што околината и природните услови во голема мера придонесуваат за позитивно учење и прифаќање на сите различности.



**Слика Обука за инклузивни наставни методи**

## *7.2 ИОП 1 Персонализирана програма за настава и учење*

**Пример образец Персонализирана програма за настава и учење**

| ИОП 1 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | | **Наставник** | | |
| **Ученик** | | **Паралелка** | | |
| **Предмет/Модуларна единица**<br><br>**Ботаника** | **Цел (очекувана промена):** Ученикот разликува морфологија, изглед на растението, негова внатрешна структура, структура на клетката, ткивата, основните процеси во растенијата, разни растителни видови.<br><br>**Очекувана промена:** Опишува делови од растение, растителна клетка, фотосинтеза, транспирација и ќе систематизира одделни растителни видови<br><br>**Вкупно времетраење:** септември-мај во учебната 2024/25 година. | | | |
| **Резултат од учење** | **Имплементатори** | **Времетраење** | **Исход/очекувана промена** | **Начин на проверка** |
| Разликува морфологија на растенијата и делови од растението | Наставник<br>Ученик | Еднаш неделно по 1 час во текот на септември и октомври | Ученикот разликува делови на растението: корен, стебло, лист, цвет, плод, семе | Усмено |
| Опишува растителна клетка, нејзини делови и ткива | Наставник<br>Ученик | Еднаш неделно по 1 час во текот на ноември и декември | Ученикот разликува растителна клетка, нејзини делови и ткива | Усмено |
| Објаснува физиолошки процеси во растенијата | Наставник<br>Ученик | Еднаш неделно по 1 час во текот на јануари февруари | Ученикот опишува главни физиолошки процеси во растенијата - фотосинтеза, транспирација, дишење итн. | Усмено |

**Пример образец Следење и евалуација**

| ИОП 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Училиште** | **Наставник** | | |
| **Ученик** | **Паралелка** | | |
| | | | |
| **Предмет/Модуларна единица**<br>**Ботаника** | **Степенот до кој се постигнати резултати** | | |
| | **Целосно (+)** | **Делумно (+/-)** | **Неостварено (-)** |
| Разликува морфологија на растенијата и делови од растението | | | |
| Опишува растителна клетка, нејзини делови и ткива | | | |
| Објаснува физиолошки процеси во растенијата | | | |

## 7.3 ИОП 2 Персонализирана програма за настава и учење

**Пример образец Персонализирана програма за настава и учење**

| **ИОП 2** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | | **Наставник** | | |
| **Ученик** | | **Паралелка** | | |
| | | | | |
| **Предмет/Модуларна единица**<br><br>**Градинарство** | **Цел (очекувана промена):** Ученикот именува улога и значење на зеленчукот, вегетационите фактори без кои не е возможно производството на зеленчук, појава и производство на одделни видови зеленчук.<br><br>**Очекувана промена:** Наведува улога и значење на зеленчукот, вегетационите фактори, појава и производство на одделни видови зеленчук<br><br>**Вкупно времетраење:** септември-мај во учебната 2024/25 година. | | | |
| **Резултат од учење** | **Имплементатори** | **Времетраење** | **Исход/очекувана промена** | **Начин на проверка** |
| Наведува улога и значење на разните видови на зеленчук | Наставник<br>Ученик | Еднаш неделно по 1 час во текот на септември и октомври | Ученикот наведува како се користи зеленчукот, каква улога и важност има за луѓето. | Усмено |
| Набројува вегетациски фактори неопходни за одгледување зеленчук | Наставник<br>Ученик | Еднаш неделно по 1 час во текот на ноември и декември | Ученикот идентификува фактори кои се потребни за производство на зеленчук | Усмено |
| Прикажува растителни делови од различни видови на зеленчук | Наставник<br>Ученик | Еднаш неделно по 1 час во текот на јануари февруари | Ученикот именува растителни делови од различни видови на зеленчук | Усмено |

**Пример образец Следење и евалуација**

| ИОП 2 | | | |
|---|---|---|---|
| **Училиште** | **Наставник** | | |
| **Ученик** | **Паралелка** | | |
| | | | |
| **Предмет/Модуларна единица<br>Градинарство** | **Степенот до кој се постигнати резултати** | | |
| | **Целосно<br>(+)** | **Делумно<br>(+/-)** | **Неостварено<br>(-)** |
| Наведува улога и значење на разните видови на зеленчук | | | |
| Набројува вегетациски фактори неопходни за одгледување зеленчук | | | |
| Прикажува растителни делови од различни видови на зеленчук | | | |

## *7.4 ИОП 3 Персонализирана програма за настава и учење*

**Пример образец Персонализирана програма за настава и учење**

<table>
<tr><th colspan="5">ИОП 3</th></tr>
<tr><td colspan="2">Училиште</td><td colspan="3">Наставник</td></tr>
<tr><td colspan="2">Ученик</td><td colspan="3">Паралелка</td></tr>
<tr><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td>Предмет/Модуларна единица<br><br>Ботаника</td><td colspan="4">Цел (очекувана промена): Ученикот елаборира морфологија, изглед на самото растение, неговата внатрешна структура, клеточна структура, ткива, основни процеси во растенијата, детали за растителните видови преку систематизација на видовите.<br><br>Очекувана промена: Анализира растителни делови, растителна клетка, фотосинтеза, транспирација, поединечни растителни видови<br><br>Вкупно времетраење: септември-мај во учебната 2024/25 година.</td></tr>
<tr><td>Резултат од учење</td><td>Имплементатори</td><td>Времетраење</td><td>Исход/очекувана промена</td><td>Начин на проверка</td></tr>
<tr><td>Елаборира морфологија на растенијата и деловите од растенијата</td><td>Наставник<br>Ученик</td><td>Еднаш неделно по 1 час во текот на септември и октомври</td><td>Ученикот анализира корен, стебло, лист, цвет, плод, семе</td><td>Усмено</td></tr>
<tr><td>Елаборира растителна клетка, нејзини делови и ткива</td><td>Наставник<br>Ученик</td><td>Еднаш неделно по 1 час во текот на ноември и декември</td><td>Ученикот анализира растителна клетка, нејзини делови и ткива</td><td>Усмено</td></tr>
<tr><td>Интерпретира физиолошки процеси во растенијата</td><td>Наставник<br>Ученик</td><td>Еднаш неделно по 1 час во текот на јануари февруари</td><td>Ученикот толкува одвивање на главни физиолошки процеси во растенијата - фотосинтеза, транспирација, дишење итн.</td><td>Усмено</td></tr>
</table>

**Пример образец Следење и евалуација**

<table>
<tr><th colspan="4">ИОП 3</th></tr>
<tr><td>Училиште</td><td colspan="3">Наставник</td></tr>
<tr><td>Ученик</td><td colspan="3">Паралелка</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Предмет/Модуларна единица<br>Ботаника</td><td colspan="3">Степенот до кој се постигнати резултати</td></tr>
<tr><td>Целосно<br>(+)</td><td>Делумно<br>(+/-)</td><td>Неостварено<br>(-)</td></tr>
<tr><td>Елаборира морфологија на растенијата и деловите од растенијата</td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Елаборира растителна клетка, нејзини делови и ткива</td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Интерпретира физиолошки процеси во растенијата</td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

## ЛИТЕРАТУРА


- Šaljić Zorica.(2023) Inkluzivno obrazovanje: ideal ili realnost?. Univerzitet u Beogradu – Filozofski fakultet, Institut za pedagogiju i andragogiju. Beograd.
- STRATEGIJA INKLUZIVNOG OBRAZOVANJA U CRNOJ GORI (2019-2025) Podgorica, 2018.
- Со инклузивно образование против училишната сегрегација во Европа. Комесар за човекови правана Советот на Европа.
- chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://zipinstitute.mk/wp-content/uploads/2019/03/INTEGRATED-CHAIR-SCHOOL-FINAL.pdf
- file:///C:/Users/User/Downloads/Doktorska_disertacija_Mirjana%20Stankovic_Djordjevic_01.pdf
- chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/28465/1/%D0%9C%D0%B0%D0%B3%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D1%82%D1%80%D1%83%D0%B4%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%90%D0%BD%D0%B4%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BD%D0%B0%20%D0%9D%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D1%81%D0%BA%D0%B0%20%281%29.pdf
- chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://equalaccess4pwds.mf.edu.mk/sites/default/files/Guide_PwDs_MKD_1.pdf
- https://znakoven.mk/%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%b5%d0%b3%d0%be%d1%80%d0%b8%d0%b8/
- https://deca.mk/tehniki-za-smiruvane-agresivno-dete-so-autizam/
- chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://resursencentar.mk/wp-content/uploads/2018/12/AUTIZAM-2018-WEB.pdf
- chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://resursencentar.mk/wp-content/uploads/2018/12/Down-S_2018-WEB.pdf
- chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://resursencentar.mk/wp-content/uploads/2018/12/Down-S_2018-WEB.pdf
- https://disleksija.org.mk/2022/10/01/shto-e-disleksija/
- chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.britishcouncil.mk/sites/default/files/inclusion_in_secondary_vocational_education_handbook_mkd.pdf
- https://pogledkrozprozor.wordpress.com/2023/01/31/rad-s-talentiranim-ucenicima/
- chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://head.edupolicy.net/HEAD_KURIKULUM%20_MK_WEB_VF.pdf
- chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.unicef.org/northmacedonia/media/4166/file/MK_ParentsCommunityIE_Report_MK.pdf
- deca.mk/neposlushno-dete-eve-zoshto-mu-e-potrebno-mnogu-dvizhene-skokane-i-aktivnosti/

- chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://lumen.kzz.hr/wp-content/uploads/2023/03/Odgoj-i-obrazovanje-darovitih-ucenika-suvremene-pedagogijske-implikacije.pdf
- chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.britishcouncil.mk/sites/default/files/inclusion_in_secondary_vocational_education_handbook_mkd.pdf
- chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://mon.gov.mk/stored/document/MK_%20revidiran_Vodic%20za%20rabota%20na%20UIT_final_WEB.pdf

